# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 октомври 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,21 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме по 24-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владимир Ѓорчев, Јован Манасијевски, Андреј Жерновски, Радмила Шекеринска, Томе Чинговски, Славица Грковска Лошкова, Фазли Велиju, Али Ахмети, Џеват Адеми, Имер Селмани и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

За оваа точка се расправаше и на Комисијата за избор и именување и јас само дадов подршка за формирање на оваа Комисија и сега ќе гласаме за формирање на Комисијата. Мислам дека нема пратеник во ова Собрание кој не сака да се расветлат случаи кои што се поврзани или случај кој што е поврзан со загинување на претседателот на Република Македонија, кој трагично го загуби својот живот. Токму поради тоа ќе гласаме за оваа одлука.

Меѓутоа, почитуван претседателе,

Јас сакав да обрнам внимание на една друга појава што за жал стана пракса во ова Собрание. Имено, ако го земеме периодот од 2000-тата година наваму, ќе видиме колку комисии анкетни се формирани. Јас се извинувам што им пречам во разговорот на колегите, меѓутоа ќе продолжам со мојата дискусија, а се надевам дека ќе можете да си ги завршите разговорите. Значи, почитуван претседателе, ги формираме комисиите само за да бидат формирани. Ако погледнеме од 2000-дите година наваму ќе видиме дека се формирале многу комисии. Меѓу нив ќе ги споменам, Анкетна комисија за испитување на презентираните видео материјали и други податоци од ВМРО-ДПМНЕ за распрашувањето на Петре Аме. Потоа, имеме основање на Комисија за испитување и поседување прислушни уреди од страна на политичките партии. Потоа, имаме основање на Анкетна комисија за испитување на последиците од стечајот на Експорт Импорт банката од Буџетот на Република Македонија, па Анкетна комисија за Љубе Бошковски и да не ги набројувам уште еден добар дел на анкетни комисии, завршуваајќи со последата која што беше формирана на 27 септември за случувањата во Собранието на 25 септември 2007 година. Да ја потсетам јавноста тоа беше онаа тепачка која што настана при координација на пратничките групи.

За жал, почитуван претседателе, ние ги формираме комисиите, меѓутоа нема никаков резултат од нивната работа. Единствено можам да кажам дека Комисијата за Експорт Импорт банката која што ја водеше тогашниот наш колега Слободан Најдовски, сериозно си ја имаше сфатено задачата и собра доволен број на материјали. Меѓутоа, што се случи. При изготвување и изгласување на извештајот повторно со тактика на одредени пратеници не можеше да се обезбеди кворум и тој извештај да биде изгласан на самата Комсија и да дојде за да можеме ние да дебатираме во Собранието. Се надевам дека и оваа Комисија не ја формиравте само формално и дека оваа Комсија ќе биде на висина на задачата, ќе успее да собере материјали, иако не очекувам нешто повеќе од она што досега е изјавено. Знаеме дека и меѓународен фактор беше ангажиран во оваа истрага, но и тоа што ќе го собере барем да ја заврши работата и извештајот да го достави до Собранието. Мислам дека со оваа пракса да се формираат комисии поради формирањето, треба еднаш да се заврши и да одиме спротивно на поговорката Ако сакаш нешто да не се заврши, формирај комисија. Ова Собрание треба да докаже дека е сериозно во своите намери и кога ги формира комсиите да има резултат односно подготвен извештај кој што ќе помине на Комисијата без тактизирање на членовите за да не се усвои и да стигне да го разгледуваат пратениците во Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени а збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 72 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Анкетната

комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлука за именување на членови на Комсијата за електронски комуникации.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господин Макрадули Јани, Ќуркчиев Никола, госпоѓа Роза Топузова Каревска.

Има збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Човек или пратеник кога ќе добие незаконски предлог пред себе се двоуми како да дискутира и да ги побара причините зошто ВМРО-ДПМНЕ се решил за незаконски акт. Двете личности што се овде предложени во два дела го кршат Законот за електронски комуникации.

Прво, ниту ги исполнуваат условите, а второ законската одредба дека секој член на Комисијата има различен мандат и точно се знае колку, се прекршува со незаконската одлука на Комисијата за избор и именување да им додели поголем мандат на овие членови. Дали како благодарност овие двајца членови ќе му доделат повторно за жал, статуетка за хуманост на премиерот, тоа не знам, но ова е уште една брука во работењето на ВМРО-ДПМНЕ и тоа сега ќе го елаборирам.

Имено, со Законот за електронски комуникации и Агенцијата и Комисијата е независно регулаторно тело, таа е наша обврска која што во секој извештај ја пишува. За жал, откога ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт 2006 година направи серија обиди како да влезе внатре во Комсијата и со серија на притисоци прво издејствува да биде променет директорот на Агенцијата. Во Законот за електронски комуникации пишува дека “член на Комисија мора да биде човек кој што пет години има искуство во областа на комуникациите или во областа на електронските комуникации”. Ако ги погледнете двете биографии, гледате дека се работи за луѓе од кабинетот на Груевски. Едниот кога бил министер за финансии, а другиот кога бил премиер. Двајцата личности апсолутно немаат врска со областа што ја конкурираат и за која што има законска обврска таа да има пет годишно искуство.  Да биде трагедијата поголема едниот од кандидатите е претседател на Комсијата за елементарни непогоди на Владата. Дали тоа ќе му користи за да ги реши елементарните непогоди кои ќе настанат во областа на комуникациите со вакви необразовани од аспект на електронски комуникации кадри, тоа неможам да го кажам, но знам дека ќе работат партиски за да може да си тераат некоја своја политика.

Втора работа, од кога не ги исполниле условите со посебни знаења од областа на електронските комуникации што од нивните биографии е евидентно, се бара и работно искуство над пет години. Едниот од кандидатите дипломирал во 2006 година. Тоа што дипломирал со мал просек, тоа е ирелевантно да го оставиме на страна, го мрзеле професорите. Но, тој во 2006 година кога дипломирал како има пет годишно искуство од областа која што треба да ја покрива.

Третата незаконска работа е тоа што Комисијата, тоа е европска директива, сите членови, а членовите имаат различен мандат и тоа си има своја смисла зошто е така, па претседателот има пет години, двајца членови имаат четири години и двајца членови имаат три години. Сега, кога им истекува мандатот да двајца членови со три години, Комисијата за избори и именување незаконски предлага двајцата нови да имаат пет годишен мандат.

**Трајко Вељаноски:** По закон е така.

**Јани Макрадули:** По кој закон е така, претседателе?

**Трајко Вељаноски:** По тој што го читаш.

**Јани Макрадули:** Сега тоа може да мине во реплика.

Значи, во овој момент Комсијата, бидејќи овие се партиски луѓе кои што треба да станат претседатели на Комсијата, добиваат пет годишен мандат гратис на луѓе со интенција еден од нив, дали овој што е за елементарни непогоди или овој другиот што е од кабинетот на претседателот да стане претседател на Комсијата.

Има и четврта незаконска одредба со која што еден од предлагачите е овде на листата, а тоа е дека членовите на Комсијата не смеат да членуваат на асоцијации на правни и физички лица кои би можеле да доведат до конфликтни интереси. Еден од кандидатите е член на бизнис асоцијација од Велика Британија која што, ќе се сложите дека покрива бизнис дејсност или деловна соработка со телекомуникациски компании. Значи, не може човек, кој што, затоа и е наведено да нема конфликтни интереси, да доаѓа на позиција без искуство, бидејќи дипломирал во 2006 година, освен тоа што е член на кабинетот на претседателот на Владата, работи во институција која што се бави со инвестиции во Секторот за развој, каде што, ќе се сложите, спаѓаат и телекомуникациите.

Затоа, останува нејасно што да се прави кога се предлагаат членови кои што не ги исполнуваат условите од Законот и кои што треба да водат една исклучителна Комисија која што е под постојан мониторинг на Европската комисија, бидејќи електронските комуникации се висок приоритет на оваа Комисија, на Европската комисија, на оваа Влада на Европската комисија.

За жал, продолжува праксата исклучиво Министерството за финансии да биде генератор на кадри во оваа држава и тоа во времето на 2001 година кои се вработиле, кога министер бил сегашниот премиер и останува нејасно дали остана уште некој човек од Министерството за финансии кој не добил раководна функција, а бил во кабинетот на премиерот Груевски во 2001 година. Сега засилени со луѓето од кабинетот кој ги примил во 2006 година. Затоа, за жал, можам да констатирам дека партизацијата во администрацијата што настана се префрлува и во регулаторните тела. Ние овде како Собрание сме донеле една декларација за приближување или забрзување на нашиот пат кон Европската унија каде што имаме гаранција кон независните регулаторни тела. Без разлика што законот го дефинира како независно регулаторно тело, ние ставаме луѓе кои апсолутно не ги исполнуваат условите и наместо еден професор кој има свој репутација на светските универзитети, со свои авторски трудови од областа на комјутерските мрежи, ние поставуваме луѓе кои ниту имаат пет годишно искуство, ниту еден минут, освен ако веројатно знаат да користат мобилен телефон, работат во областа на електронските комуникации. На тој начин ниту ќе ги исполниме условите за приближување кон Европа во делот на независните регулаторни тела, ниту ќе ги исполниме условите за градење на едно информатичко општество каде што се обидуваат некако поскромно да го промовира Владата на претседателот Груевски. За жал, ова ќе има само влијание, лошо влијание, негативно влијание на бизнис процесите во областа на телекомуникациите, бидејќи со необразовани кадри од оваа област и со партиски луѓе не можеме да очекуваме развој на една исклучително важна област на која што се темели развојот на економијата на многу земји на 21 век. Ќе остане дилема што да се прави кога Комисијата за избор и именување поднесува незаконски предлози. Тоа ќе биде одлука што ќе ја преземеме ние врз база на разговорите што ќе ги имаме како тоа да се спречи. Се разбира, парламентарното мнозинство имало прилика да гласа за незаконски предлог, може да го направи тоа, може и не. Но, останува ние, јавноста да се преземат мерки да се спречи ваков незаконски упад, што е исклучително важно тело во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господин Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Јас, еве ќе го искористам институтот реплика од позиција на претседател на Комсијата за прашање на изборите и именувањата, да појаснам одредени дилеми кои што ги наметна господинот Макрадули.

Очигледно е дека господиниот Макрадули или не ја следи со внимание работата на работните тела во Собранието на Република Македонија или е во слаба координација со колегите од својата пратеничка група, за да му пренесат што точно се работело и се расправало на Комсијата за прашања на изборите и именувањата.

Прво, траењето на мандатот се наметна како дилема и од страна на колегите кои што се пратеници од СДСМ во работата на Комсијата за прашања на изборите и именувањата. Во законот, значи Комисијата за електронски комуникации е формирана во април и мај 2005 година, со тоа што се избрани пет члена на Комисијата за електронски комуникации, од кои за претседателот пет години мандат, за првите двајца членови четири години мандат и за вторите двајца членови три години мандат. Ние во моментов бираме двајца членови кои ќе ги потполнат местата на овие вториве двајца со мандат од три години. Меѓутоа, во законот, кој што сега ги замолив службите да ми го донесат од канцалариите, јасно пишува дека мандатот на претседателот трае пет години, на првите двајца четири години, на вторите двајца три години во првиот избор, а потоа сите имаат мандат од пет години.

Значи таа дилема ја разјаснивме многу прецизно и многу јасно уште на седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Втора работа. Во Законот е предвидено дека луѓето кои што се бираат за членови на Комисијата за електронски комуникации треба да бидат правници, економисти, електроинжињери, треба да имаат работно искуство од 5 години и треба да имаат познавање од областа на телекомуникациите. Условите се апсолутно исполнети. Јас нема да навлезам во дилемите и дискусиите во поглед на содржината на биографиите. Станува збор за млади луѓе од 30-тина години кои што имаат извонредни биографии, меѓутоа апсолутно сум сигурен дека во ниту еден случај, за жал во Република Македонија тоа што претставува добро решение за ВМРО-ДПМНЕ претставува и лошо решение за СДСМ и обратно. Така да ние веќе влегуваме во една дискусија која што практично е дискусија за вкусови, а за тоа тешко е да се дискутира. Јас сум сигурен дека колегите од СДСМ апсолутно ќе ги негираат квалитетите на предложените кандидати и затоа ќе се воздржам од дискусија, затоа што тоа некако фодифолд ни се случува 17 години. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господин Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Во Законот експлицитно пишува дека мандатот на членовите на Комисијата трае на еден 5 години, на други двајца 4 години и на другите двајца 3 години. Тоа со 5 години никаде го нема во законот.

Втора работа, како човек кој што дипломирал 2006 година иам петгодишно работно искуство во областа на електронски комуникации, а бил економист во Кабинетот на премиерот Груевски. Прво вработување во декември 2006 година.

Како може петгодишно работно искуство да има човек кој што дипломирал 2006 година. Како човек кој што никаде во биографијата нема дека работел во електронски комуникации, дури и дека бил моби корисник барем тоа да имаше, ги исполнува условите. После вие сакате да ни кажувате добро решение. Па, добро ви е за вас, член на ВМРО-ДПМНЕ, од Кабинетот на најтесното делче на Кабинетот на премиерот Груевски, што сакате после, нормално добро ви е решението. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Реагирам до вас. Значи, репликата се бара за да се надополни исказ или да се поправи исказ, но исказот кој што треба да биде треба да биде соодветен на законот. Значи колегата Илија Димовски, како и на Комисијата за избори и именвување се обиде да манипулира со читањето на законот.

Заради македонската јавност не смее да остане така. Никаде не пишува дека следниот мандат трае 5 години и ако сакаме да бидеме искрени, бидејки различно го толкуваме можеби ќе треба почитуваниот коелга да побара автентично толкување на овој член.

Јас се согласувам дека тука членот не е до крај доречен, но не смее еден претседател на Комисија да го злоупотребува во своја корист. Каде пишува дека следниот мандат на членовите трае 5 години. Јас реагирам процедурално на ова. Навистина ние сме должни како пратеници да ги почитуваме законите во сите нивни членови.

До колку има нејасно даден некој член тогаш треба претседателите на комисиите да си побараат автентично толкување од Законодавно-правната комисија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Веројатно господинот Илија Димовски е пријавен како предлагач, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Да го искористам правото како предлагач да го прочитам тој член кој што го прочитав многу прецизно на Комисијата, каде што иамШе претставници од СДСМ и од ЛДП, меѓу кој беше и коелшката Роза Топузова, меѓутоа очигледно треба повеќе пати да повторуваме одредени работи.

Член 12 став 5 вели: “претседателот и членовите на Комисијата се именуваат со мандат од 5 години со тоа што првиот мандат на претседателот е 5 години, на двајцата членови 4 години и на другите двајца членови 3 години”. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Затоа и ние велиме, никаде во законот, значи самиот си потврди господинот Димовски дека ја манипулира јавноста. Никаде во законот не пишува од некогаш натаму мандатот на сите членови е 5 години. Никаде. Така е во Советот за радиодифузија, така е во Комисијата за електронски комуникации, тоа е тенденција во многу независни регулаторни тела, скалесто и динамички да е мандатот на членовите на Комисијата заради своја логика, заради своја одбрана од партиските упади и за свој континуитет на работата што ја имаат, да не се менува Комисијата на икс години, на 4, на 5, па нови луѓе да почнуваат. Тоа си има своја директива од Европската комисија и затоа е тоа направено. Затоа овој закон ги доби сите оценки позитивни од Европската комисија.

Во членот 12, тоа е и ние што го читаме , велиме дека претседател и член на Комисија може да биде именувано лице со работно искуство над 5 години. Најдете во биографијата на овие двајца луѓе каде работеле нешто во електронски комуникации освен што со мобилен зборувале со премиерот Груевски, бидејки биле во ист Кабинет. Едниот е за елементарни непогоди одговорно лице, еве го Службениот весник 10.08.2007 година, претседател на Комисијата за проценки и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди, другиот дипломирал во 2006 година. Дипломирал во 2006 година и вие сакате да ме убедите дека дечкото има 5 годишно работно искуство, па во област во која што нема врска факултетот. Па, ви се молам, вие ќе прочитате 100 иљади члена, ама најдете го членот каде што поинаку пишува.

За жал ваков партиски упад во вака исклучително важно тело до сега не е направен. Имало упади во државната администрација, независните регулаторни тела некако опстоиле на процесот. Се направи страшен притисок, директорот мораше да се повлече на Агенцијата за електронски комуникации, незаконски се одложи изборот на следниот, ме радува што има нов, но со ваква Комисија, со ваков упад каде што човек, професор кој што предавал на Британски Универзитет, со книги што ги има напишано од кои што учат универзитетите во светот за компјутерски мрежи го заменуваме со човек кој што 2006 година дипломирал. И сакате после да ги тераме областите за развој на телекомуникациите, не, само партиски директиви ќе се делат и Комисијата ќе стане сервис на Владата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Веројатно има луѓе во Македонија што се сериозно возбудени од зголемувањето на конкуренцијата во областа на комуникациите, драстичното паѓаер на цените во истата таа област, меѓутоа, тоа останува за тие луѓе што се нервираат.

Интересот на граѓаните е да се зголемува конкуренцијата и да се намалуваат цените.

Јас ќе повторам, претседателот и членовите на Комисијата се именуваат со мандат од 5 години освен при првиот избор, со тоа што првиот мандат на претседателот е 5 години, на првите двајца членови 4 години и на вторите двајца 3 години.

Значи, после истек на мандат сите следни имаат по 5 години мандат. Значи, многу е прецизно во законот дека првиот мандат на членовите е ограничен скалесто, понатаму поради првото ограничување Собранието на Република Македонија никогаш нема да се доведе во ситуација во целост да го менува составот на Комисијата, како и сега, од составот на Комисијата останува претставник на Фондацијата Сорос.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам, господине претседателе.

Значи, ние ниту сме возбудени од конкуренцијата во електронските комуникации, ниту сме возбудени од намалувањето на цените на се во оваа држава, ниту сме возбудени од успехот на преродбата која што секојдневно ја чувствуваат граѓаните на Република Македонија и не реагираме заради тоа, туку сме возбудени заради обидот на оваа власт и ова парламентарно мнозинство кое што е истурена рак ана Владата да партизира се и сешто во државата.

Јас сум современик на донесување на законот за електронски комуникации. Јас знам што сакаше да се постигне, која беше целта со ваквото решение, со решението со кое што се бара скалест мандат на членовите на Комисијата за да има континуитет во работењето Комисијата. Значи никаде нема, ние сме правници и вие и Илија и јас, никаде нема одредба со која што на овие членови кои што се избираат им трае, бидејки бил втор избор, им трае мандатот од 5 години. Ова е погрешно читање или намерно толкување на законот и вртење на водата на своја воденица.

Јас сум многу загрижена заради обидот и во овој сегмент да се партизираат независните тела кои што тогаш ги утврдивме, секаде во одредени области кои што ни беа важни вклучително и оваа област.

Јас не го прифаќам ваквото толкување од страна на претседателот на Комисијата за избор и именвуање назаконот по однос на траењето на мандатот, тој не е во право, набрзо тоа ќе се покаже, ќе го кажат и експертите и барам како претседател на Комисијата да ми објасни дали овие два члена кои што ги предлага, а особено предложениот кандидат Велкоски Славе дали ги исполнува условите од Законот и има 5 години посебни знаења, работно искуство од 5 години од посебни знаења од областа на електронските комуникации, ако се има во предвид дека овој господин завршил, го оформил своето образование 2006 година.

Сакам одговор од претседателот на Комисијата каде ги стекнал овие 5 години искуство од областа на електронските комуникации предложениот кандидат Велковски Славе и со тоа ќе ни одговори на дилемите кои што ние ги имаме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Иако мислам дека е многу јасна целата ситуација, остануваат членови на Комисијата за електронски комуникации три лица кои што се избрани во периодот додека СДСМ беШе на власт, меѓутоа еве да одговориме на неколку дилеми.

Прво, очигледно се чита законот како што одговара, меѓутоа тоа е право на колегите. Има неколку услови предвидено во Законот.

Прво да се државјани на Република Македонија.

Второ, да имаат завршено образование од областа на електротехничките науки, правото или економијата.

Трето, да имаат работно искуство над 5 години и да имаат познавање од областа на електронските комуникации.

Комисијата за прашања на изборит еи иемнвуањата ценеше дека сите услови се исполнети од страна на двјацата кандидати. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господиниот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претсеателе, почитувани колеги пратеници,

Се надевам дека доколку биде донесена оваа одлука ќе мора да се согласиме и истата ние смаите да ја поништиме.

Јас ги разбирам напорите на предлагачот и потешкотиите кои што ги има за да објасни како овие луѓе кои што се предложени за потполнување на составот на Комисијата за електронски комубникации да ги исполнат условите, меѓутоа фактите зборуваат малку поинаку.

Прво јас би кажал нешто што го зборував ...

(претседателот на Комсисијата Илија Димовски и некои други пратеници ја напуштаат салата на што реагираат некои пратеници)

И да се стопира времето.

**Трајко Вељаноски:** Молам предлагачот да влезе во салата за да продолжиме со работа. Претседателот на Комисијата за влезе.

(Во салата влегува претседателот на Комисиајта).

Повелете, продолжете .

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

За многумина кои што можеби не се и доволно информирани кој е делокругот на работа на оваа Комисија за електронски комуникации да кажам дека ова е навистина едно многу важно независно национално регулаторно тело. Било кое национално регулаторно тело е важно, меѓутоа, особено ова е важно заради тоа што делокругот, надлежностите на Агенцијата се многу високи односно многу големи.

Почитувани коелги, оние кои што беа и во претходниот состав сакам да ги потсетам кога разговаравме кои услови треба да ги исполнуваат членовите на оваа Комисија, Законот е дециден и многу јасен.

Во член 12 став 4 вели дека за претседател и членови на Комисијата може да бидат именувани лица кои што се државјани на Република Македонија, кои што имаат завршено високо образование од областа на електротехничките науки, правото или економијата со работно искуство над 5 години и со посебни и со особени, повторувам посебни знаења од областа на електронските комуникации.

Во ставот 5с е вели јасно и гласно дека претседателот  и членовите на Комисијата се именуваат со мандат од 5 години со тоа што првиот мандат на претседателот е 5 години, на двајцата членови 4 години и на другите двајца членови е 3 години. Значи, сосема е јасно.

На крајот на краиштата ако предложените акндидати се доволно успешни и се покажат во работата, бидејки јас не се сомневам дека парламентарното мнозинство партиската задача ќе си ја заврши зошто го кршите Законот, ставете мандат од 3 години, па ако сте добри тогаш именувате ги уште еднаш. Тоа не е казниво, тоа не е невозможно. Во Законот стои таква одредба.

Меѓутоа почитувани колеги кога зборуваме за едно национално независно регулаторно тело мора да кажеме дека пред се се бара ускладени директиви кои што мора да бидат применувани во Република Македонија. Оваа Агенција почива на три директиви.

Првата е директивата 21 од 2002 година на Европската комисија за авторизација на електронските комуникациски мрежи и услуги.

Втората е пристап и меѓусебна поврзаност на електронските комуникациони мрежи со поврзаноста на уредите и

Третата е авторизација на електронските комуникациски мрежи и услуги.

Ве молам, дали сте помислиле дека овие двајца економисти, кои што навистина се можеби добри економисти ќе можат да се справат со новата улога која што ги очекува. Ве молам, се работи за национално независно регулаторно тело. Само малку дозволете ми, само дел, или неколку става од надлежностите на Агенцијата да прочитам, па тогаш кажете зарем во парламентарното мнозинство не постојат други луѓе кои што имаат искуство од сферата на електронските комуникации да бидат предложени. Зошто мора толку многу да дискутираме, дури и по име и презиме за луѓето кои што можеби навистина се добри во областа на економијата. Дали ќе може еден економист да ги решава споровите помеѓу операторите и електорнските комуникациски мрежи и даватели на услуги во врска со интерконекцијата на предлог на една страна од спорот, бидејки тоа е надлежност на Комисијата. Дали може да ажурира, одржува и воспоставува електронска база на податоци што ги содржи сите информации од областа на електронсктие комуникации. Дали ќе може да го следи развојот на електронсктие комуникации, дали овие предложени кандидати ќе можат да донесуваат технички прописи врз основа на Законот за електронски комуникации.

Би можел навистина да набројувам голем број на вакви одредби кои што се надлежност на Комисијата и зошто и луѓето ги ставате во една навистина непријатна ситуација.

Почитувани колеги, надлежност на Агенцијата е да одобрува употреба на радио и телекомуникациска терминална опрема. Па ќе знаат ли овие економисти да го прават тоа? Ќе треба да спроведуваат примена на национални и меѓународни стандарди и технички прописи во областа на електронските комуникации. Или, не дај боже, да ги испратиме на некој меѓународен семинар како дел од националното регулаторно тело се разбира од областа на електронските комуникации.

Почитувани колеги, овие луѓе треба да работат на зачувување на редот, односно да го надгледуваат почитувањето на правилата и законите од сферата на електронските комуникации. Токму од тие причини  и колегите пред мене зборуваа и на Комисијата дека добар дел, почитувајќи го сето она што тие го напишале во своите биографии, дека се работи пред се на амбициозни, меѓута, на многу лојални личности. Личности кои што знаат да бидат лојални, личности кои што работеле во сферата на финансиите, меѓутоа, токму онаму каде што се обезбедуваат финансиски средства за вработувања и имале одлична соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија и да не цитирам понатаму.

Мислам дека сите ќе се сложиме дека нема потреба да зборуваме за биографиите за личностите кои ни се дадени, заради тоа што  јас не измислувам, и на Комисијата кажав, непријатно ми, да некој во биографијата, да не зборувам со име и презиме, напишал дека имал тридневен курс итн., ама пак од сферата на економијата, не од сферата на електронските комуникации.

Од тие причини ценам дека би било многу згодно да го почитуваме Законот за електронски комуникации, уште еднаш да ги слушнеме апелите за тоа кои се надлежностите на Агенцијата за електронски комуникации како навистина независно регулаторно тело, кое што почна да работи, кое што во сферата на

економијата има неколку степени на контрола, каде многу повеќе се потребни членови на Комисија кои што ги разбираат или имаат разбирање од обласа на електротехничките науки. Ценам дека ќе се сложите со мене и дека ќе се согласите дека не постојат аргументи овие два кандидати со сиот респект на нивното искуство од сферата на економијата, на финансиите или пак банкарството, не знам, меѓутоа, и нив ги ставате во една навистина многу непријатна ситуација заради тоа што нема да можат едноставно кажано да одговорат на задачите кои што ќе им бидат поставени. Ако е целта на парламентарното мнозинство да ја стави вон употреба Агенцијата заради тоа што оваа одлука ќе падне не само заради бројот на годините кои ги содржи во себе, членовите кои ги избираме денес треба да бидат членови на оваа Комисија 3 години, а не 5, и незнам зошто има потреба повторно да се расправаме кога законот е многу јасен, членот е многу јасен.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Членот 12 ставот 5 вели: претседателот и членовите на Комисијата се именуваат со мандат од 5 години, со тоа што првиот мандат на претседателот е 5 години, ако било само за него немало потреба да се дефинира, на двајцата членови 4 години и на другите двајца членови 3 години. Во пракса тоа значи дека Собранието на Република Македонија заради заштита од упад од партиско влијание нема во ниту една ситуација да се доведе да бира во еден момент 5 членови на Комисијата колку што е вкупниот број на членови. Оние тројца членови кои што остануваат и понатаму да бидат членови на Комисијата за електронски комуникации од кои двајца уште половина година и претседателот останува уште година и пол, едниот е со Електротехнички факултет, на крајот на краиштата законодавецот предвидел три области од кои можат да бидат членови поради тоа што електронските комуникации веројатно ни вие не ги разбирате само во инженерскиот дел, поради тоа што тука се вртат и многу други работи околу целиот сегмент во кои не би сакал сега да навлегувам. Меѓуота, во составот останува еден човек со Електротехнички факултет, останува еден правник кој што работел во службите на Владата во 2005 година кај премиерот и останува еден претставник на СОРОС. Веројатно тоа ќе ја задоволи вашата желба, не знам по кој основ, меѓутоа, тука е напишано пратставник од Институтот “Отворено општество”. Не знам по кои критериуми е тогаш во 2005 година правено тоа, меѓутоа веројатно тоа ќе биде доволно за вас да ви ги осигура надежите за независнот и неутралност и јас повторно ќе кажам дека апсолутно Комисијата е сигурна дека сите законски услови се исполнети и исто така јас како предлагач сум апсолутно сигурен дека и двете имиња кои се предложени, станува збор за исклучително квалитетни млади луѓе на свои 30 до 32 години кои секаде каде што до сега биле ангажирани покажале исклучително високи резултати базирани на нивната работливост, посветеност и трудољубивост. Затоа можеби не е во ред да зборуваме за лични карактеристики поради тоа што никогаш нема да се најдеме, меѓутоа, ценам дека целата дискусија сепак треба да ја движиме во едни нормални граници, во едни граници кои ќе претставуваат на крајот на краиштата она што законодавниот дом мора да го има. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за господин Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван колега, навистина не може да зборуваме за лични работи, заради тоа што луѓево и не ги познавам. Меѓутоа, многу е симптоматично како тоа сакаме да зборуваме за членови кои треба да ги исполонуваат законските прописи и услови, сакате да зборувате за членовите кои се веќе членови н а оваа Агенција и каде тие работат навистина не знам, меѓутоа, токму за овие што ги бираме денес најмалку сакате да зборувате. Прашање е дали тие ги исполнуваат условите или не - велиме не, заради тоа што никогаш не работеле во сферата на електронски комуникации и тоа е тоа, а дали биле три или пет, тоа ќе го каже или со читање на законот тие што се надлежни. Ценам дека нема потреба да ги ставате луѓето во непријатна позиција, заради тоа што као се јави уште некој пратеник и прочита за какви личности се работи, ќе ни биде јасно на сите зошто дискутираме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван предлагач за донесување на оваа одлука,

Почитуван претседателе, ако сакавме да покажеме дека функционира правната држава во Република Македонија и дека парламентот како законодавен дом функционира, тогаш со овие недоразбирања можеби - не велам од било кој страна да е погрешно читан законот, членот 12 , но факт е дека имаме различни толкувања. Ќе беше најдобро да ја повикавте Законодавно-правната комисија и да донесеше автентично толкување на членот 12. Така ќе покажевме дека функционира парламентот и правната држава. Меѓутоа очигледно се немаше желба за тоа и затоа ние ќе мораме да прибегнеме кон следниот инструмент, односно да ја оспориме одлуката на Уставниот суд, а ќе ја оспориме почитуван претседателе затоа што овде не само спорниот и дискутабилниот член кој до сега беше предмет на дебата е во прашање, туку е во прашање неиспонување на потребните години за работно искуство.

Да не се лажеме почитувани колеги пратеници, кандидатот кој што го предлагаме дипломирал во декември 2006 година. Ако знаеме дека сега сме октомври 2008 година тој нема ни две години работно искуство. И мојата дискусија е во две насоки. Прво не почитуваме закон, второ, ајде навикнавме дека "оствaруваме партизацијата продолжува", ајде и тоа да го поминеме што се партиски војници но, поважно е што тие колеги, кандидатите не ги исполнуваат условите кои што ги бараме со закон. Тоа е потрагично. Не навлегувам во тоа што и двајцата имале среќа за разлика од многубројни млади, способни, квалитетни кадри во Република Македонија кои што или со години остануваат без работа или ја напуштаат земјата одејќи по туѓите држави да си ја бараат среќата, овие ден по дипломирањето и двајцата се вработуваат на високи позиции во Министерство за финансии, едниот 2001 година другиот сега. И не е доволно тоа колеги, не е доволно што овие се згрижени во Министерство за финансии, туку треба сега да им дадеме и дополнителна функција која што исто така е платена. И во тоа е проблемот, таа е платена функција, па најверојатно ваму им се мали платите од по 30-тина, 40 или не знам колку илјади и треба да им ги надополниме затоа што се лојални партиски војници. А дека е така, јас не измислувам, самиот еден во биографијата пишува: " Амбициозна, лојална и исполнителна личност". Кому лојална, кому?! (на државата) На државата? Е па нека напишал.

Понатаму, неговиот главен ангажман со кој што треба да биде сега промовиран во оваа Комисија е во кабинетот на министерот за финансии, прием, следење и обработка на барањата за согласности на обезбедување финансиски средства за вработување итн., читај списоците од партиите кои се на власт стигнуваат до него и тој ги проследува, му ги носи на потпис на министерот. Ете, тоа е главниот ангажман за кој што треба понатаму да биде награден.

Јас ве прашувам: Дали во ВМРО ДПМНЕ нема постручни и компететни луѓе. се согласувам, можеби и тие претходно биле бирани..

Колега, смирете се, ќе се промовирате. Зборувам по точката, не зборувам надвор од точката. Знам дека ве допира, вистината е болна, но таа е, документирана е.

Да продолжам понатаму. Ден по дипломирањето се вработуваат и двајцата, за разлика од многу стручни и компетентни кадри и сега почитуавниот колега кој што тврдеше дека имаат импозантни биографии, не е така, имаат сосема просечни биографии кои ќе ги имаат најголем број на млади луѓе во Република Македонија кои реков остануваат со години невработени или ја напуштаат нашата земја. Импозантно не гледам ништо со тридневен курс, потоа семинар од 20 до 23 април повторно тридневен, потоа од 14 до 16 јуни пак семинар, сега се извинувам, овој пат четиридневен. Мора да признаеме дека секој млад човек кој што завршил високо образование може да наведе барем 20-тина вакви курсеви и вака можеби делува импозантно, но кога ќе се навлезе во суштината ќе видиме дека е далеку од импозантноста. Не гледаме каква допирна точка имаат со телекомуникациите и сакаме да направиме независно регулаторно тело. Во ред, нека бидат и партиски луѓе, но јас сум убедена дека во ВМРО ДПМНЕ имате постручни и компетентни, или кај коалиционите партнери. Луѓето очигледно дека се лојални партиски војници и треба да бидат еднаш, два пати, три пати, пет пати наградувани, но за тоа колку едни се наградувани, колку не се, тоа ќе судат и вашите членови, затоа што верувајте и вашите членови нема да бидат задоволни едни исти луѓе да добиваат една, две, пет и повеќе функции. Така што токму тоа е она што го говорам. Секогаш сме се залагале за стручност и компетентност, овде е нарушен принципот на стручност и компетентност. Или колку ние да спориме, ако некој е вработен 2006 година, тој всушност завршил факултет 2006 година, не може да има 5 години работно искуство како економист, правник итн. Говориме за работно искуство кое што се бара по членот 12 и воопшто треба да говориме сериозно, а не да иронизираме затоа што не е целта тоа, целта е да избереме стручни и компетентни луѓе. не е вознемирена опозицијата поради тоа што паѓале цените, не е ни вознемирена јавноста. Јавноста - да, во областа на телекомуникациите беше страшно вознемирена но од штетниот договор што го имаше потпишано Никола Груевски, а долго време последиците ги чувствуваа граѓаните. Од тоа, да, беше вознемирена јавноста, меѓутоа сега апсолутно не е вознемирена.

Затоа, почитувани колеги, ќе предложам овде да ја запреме седницата, почитуван претседателе, да дадете пауза, да добиеме автентично толкување од Комисијата, уште еднаш нагласувам од Законодавно-правната комисија и со тоа, каков и да биде исходот, ние ќе го прифатиме, но ќе докажеме дека законодавниот дом работи, што би рекла министерката за внатрешни работи, според Уставот и законите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Јани Макрадули, да видиме во што се состои репликата, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Согласно член 89 имам право на реплика на дискусија на пратеникот на колешката Роза Топузова Каревска, која што постави дилема на кого е лојален кандидатот. Јас тоа ќе го дообјаснам согласно Деловникот.

Од декември 2006 до 2008 година, веднаш по дипломирањето согласно биографијата работи на позиција " советник во кабинетот на министерот за финансии" од јули 2008 до август 2008 извршува работни задачи како надворешен соработник во кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија. Во јули 2007 година е именуван за претседател на Надзорниот

одбор на “Македонски железници- Транспорт”, ама најлојален знаете зошто е? Затоа што овој кандидат бил дел од листата на фалсификаторот Бранко Јаневски во изборната единица 6 на 18-то место тој во лажниот дел од листата на двојниците што ги направи ВМРО ДПМНЕ преку полтронот Бранко Јаневски добива награда и да биде сега член на Комисијата за електронски комуникации и не ги исполнува условите законски, ама вмровски ги исполнува и затоа го наградувате, затоа што бил дел од листата на Бранко Јаневски фалсификаторот и добива награда во една исклучително важна комисија. Ова нема да помине ниту по законските прописи во Македонија, ниту Европската комисија ќе ви го одобри. Вакви партиски упади никој не дозволува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван колега Јани Макрадули но воопшто не ми ја разјаснивте дилемата, уште поголема дилема имам сега, затоа што моето прашање беше дали е лојален на министерот за финансии или на премиерот на Владата согласно биографијата. Меѓутоа сега вие го кажувате и господинот фалсификатор на изборните листи, господинот Бранко Јаневски. Сега мојата дилема прерасна во трилема, дали е лојален на министерот за финансии, на премиерот или на некој сосема друг. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Би сакал да нема злоупотреба на реплики и контра реплики.

Процедурално Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Само сакам да интервенирам кога пратениците изнесуваат одредени тврдења и вистини или невистини, за тоа веројатно, има институции кои што можат да го докажат. Ве молам, особено кога се кријат зад пратеничкиот имунитет, а кога изнесуваат одредени тврдења за луѓе кои не се присутни овде, од типот фалсификатори итн, ве молам да реагирате и да им го одземате зборот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Ве имам предвид и ќе реагирам на следната страница.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника, од нив за Предлогот на одлуката гласаа 61 пратеник, не се воздржа никој од гласањето, против гласаа 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на членовите на Комисијата за електронски комуникации.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на собранискиот канал.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

(Следи минута чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 63 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на собранискиот канал.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

(Следи минута чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 61 пратеник, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на функција заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на одлука за дополнување на одлуката за утврдување на составот на делегацијата на Собранието на РМ во Интерпарламентарната унија.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

(Следи минута чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 65 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

(Следи минута чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 64 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот Сандре Нонкуловски да биде именуван за заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

(Следи минута чекање)

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 68 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на Сандре Нонкуловски за заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Пред да преминеме на осма точка, ја прекинувам седницата.

Свикувам координација во Охридска сала.

Продолжуваме со работа во 13,15 часот.

Ви Благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,24 часот)

**Трајко Вељаноски:** Пред да продолжиме по осмата точка, би сакал да ги поздравам претставниците од Пактот за стабилност и Националниот совет на жени на Република Македонија кои си горе во галеријата.

(Аплауз)

**Минуваме на точка 8 - Предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија**

Предлогот на претседателот на Република Македонија ви е доставен.

Врз основа на точка 1 од Амандманот ЏВ на Уставот на Република Македонија и член 114 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието избира двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија по предлог на претседателот на Република Македонија.

Ве известуваме дека од двајцата кандидати што ги предложи претседателот на Република Македонија, едниот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, а другиот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупникот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот Наташа Габер-Дамјановска да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот да се пријават за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по Предлогот е завршен.

Ве потсетувам дека, судија на Уставаниот суд на Република Македонија се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот Наташа Габер-Дамјановска да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Со оглед дека имаше проблем при вклучување на системот на гласање, го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници. Од нив за Предлогот гласаа 78 пратеници, од гласањето нема воздржани пратеници и нема против.

Констатирам дека Наташа Габер-Дамјановска е избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот Гзиме Старова да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот да се пријават за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по Предлогот е завршен.

Ве потсетувам дека, судија на Уставаниот суд на Република Македонија се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупнот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам Предлогот на гласање ги повикувам пратениците кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да влезат во салата, за да можат да се создадат услови за гласање.

Предлогот Гзиме Старова да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 84 пратеници. Од нив за Предлогот гласаа 84 пратеници, од гласањето нема воздржани пратеници и нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија дас се произнесат по Предлогот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 38 пратеници кои се изјасниле дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија гласале 21 пратеник. Од нив за Предлогот гласале сите 21 пратеник, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Гзиме Старова е избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

На госпоѓата Наташа Габер-Дамјановска и Гзиме Старова им го честитам изборот за судии на Уставниот суд на Република Македонија и им посакувам успех во работата.

Ги молам судиите на Уставниот суд на Република Македонија да дадат свечена изјава.

Ги молам судиите на Уставниот суд на Република Македонија да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

Ве молам сите да станеме.

(Претседателот на Собранието станува)

(Сите присутни во салата стануваат)

“Изјавувам дека функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

(Судиите го повторија текстот на свечената изјава).

Ги молам судиите на Уставниот суд на Република Македонија да ја потпишат свечената изјава.

(Судиите на Уставниот суд на Република Македонија ја потпишуваат свечената изјава).

(Се собираат потпишаните изјави и се предаваат на претседателот на Собранието на Република Македонија).

Од мое и од името на колегите пратеници ви честитам повторно на изборот и ви посакувам успешна работа.

(Аплауз)

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за признавање на европски патенти, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

Има збор заменикот на министерот за надворешни работи, господинот Зоран Петров, повелете.

**Зоран Петров:** Благодарам претседателе.

Сосема накусо да појаснам неколку основни работи за оваа Конвенција.

До сега односите на нашата држава со Европската патентна организација ги регулираше врз основа на договор за соработка. Првиот договор за соработка го имаме склучено во 1997 година, а последниот истекува кон крајот на овој месец, значи на 31 октомври оваа година. Поканети сме да бидеме членки на оваа огранизација на 105-от состанок на ЕПО одржан во март 2006 година во Минхен. Република Македонија практично со усвојувањето на овој основачки акт на Европската патентна конвенција практично станува полноправна членка на истата. Инаку, должен сум да појаснам дека оваа Конвенција беше услов од предпристапното партнерство на Република Македонија за членство во Европската унија односно беше составен дел од Прашалникот на Европската комисија. Основаната цел на полноправното членство во оваа организација е постигнување на еднообразност во постапката за регистрација на патенти. Како што може да се забележи и во самиот основачки акт во него се набележани сите подробности, поединости, детали околу тоа како се регистрира еден патент. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јашари Аднан, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги и колешки, дозволете да кажам два три збора во однос на оваа ратификација. Јас и на Комисијата за економски прашања земав збор и го истакнав моето мислење во однос на оваа ратификација на Комсијата за признавање на европски патенти, па сега исто би кажал неколку зборови, затоа што ценам дека се работи за многу значајна Конвенција. Тоа е Конвенција која што е од 1973 година, не била ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија. Зошто велам дека се работи за значајна Конвенција, затоа што преку ратификувањето на оваа Конценција ние отвораме простор носителите на правото на патенти во Република Македонија или пак тие што имаат право на вакви права да можат истите такви права да ги искористат или пак да ги остварат и во другите земји членки, односно земји кои што ја имаат ратификувано оваа Конвенција, Еворпска Конвенција за патентирање. Мислам дека многу од колегите тука знаат за што се работи. Значи, се работи за едно право на индустриска сопственост, како што е патентот, право со кое што се штитат инвенциите, инвентивните работи кои што се предвидени со националните акти, меѓутоа и со меѓународните акти, како што е оваа Конвенција која што се ратификува денес. Овие изуми пред ратификувањето на оваа Конвенција можеле да се користат како заштитени права само внатре на територијата на нашата држава и во оваа насока сите изумители биле хендикеприрани, затоа што истиот изум или пак за истиот изум не биле во состојба да го бранат или да го искористат тоа право на изум над другите територии или пак надвор од територијата на Република Македонија. Во оваа насока сакам да истакнам дека за да може некој носител на патент во Република Македонија да биде носител на истиот патент надвор од територијата на Република Македонија било да е тоа Албанија, Косово, или некоја друга држава, тој требало да поднесе барање до надлежниот орган на овие соодветни држави за да добие и таму право на тој патент и потоа ги добивал тие определени права. Во оваа насока со ратификувањето на оваа Конвенција ние ги елиминираме овие пречки или бариери и создаваме простор изумителот кој што добил право на патент од надлежниот орган во Република Македонија, како што е Дирекцијата за заштита на индустриска сопственост за истиот патент да може да го користи тоа право и во другите држави кои што ја имаат ратификувано Конвенцијата, Европската конвенција за патенти. Затоа, мојата проценка е дека ова е значајно прашање, посебно ова го истакнувам во насока на тоа дека во сите земји на транзицијата, опфаќајќи ја тука и Република Македонија, правото на индустриска сопственост, меѓутоа да кажам и пошироко на интелектуалната сопственост имаат исклучително значење во однос на економскиот развој на овие држави. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќе и исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за признавање на Европски патенти.

Ве повикувам да гласаме.

Со оглед на тоа дека имаше проблеми со системот на гласање го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа сите 67 пратеници, никој не гласаше против, никој не гласаше воздржано.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника. Од нив за предлогот гласаа 63 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласме.

Вкупно гласаа 68 пратеника. Од нив за предлогот гласаа сите 68 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собрание го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за признавање на европски патенти.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и сојузниот министер за внатрешни работи на Република Австрија за полициска соработка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и сојузниот министер за внатрешни работи на Република Австрија за полициска соработка.

Ве повикувам да гласме.

Вкупно гласаа 66 пратеника. Од нив за предложениот заклучок гласаа сите 66 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника. Од нив за предлогот гласаа 67 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за надворешни работи, повелете.

**Зоран Петров:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласме.

Вкупно гласаа 68 пратеника. Од нив за предлогот гласаа сите 68 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собрание го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и сојузниот министер за внатрешни работи на Република Австрија за полициска соработка.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за поттикнување и заемна заштита на инвестиции, со предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик минситер,

Се јавив за збор околу оваа ратификација затоа што се работи за економска тема пред се и затоа што очекував заменикот министер за надворешни работи барем да објасни заради јавноста кои се причините и кој е интересот на Република Македонија од потпишувањето на ваков договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за поттикнување и за јавна заштита на инвестициите.

Ако се сеќавате минатата седница имавме еден ваков договор помеѓу Владата на Република Македонија и Европската инвестициона банка во кој што според наше видување имаше дадено многу поволности пред се во делот на заштита и имунитетот на вработените во делот на Европската банка за инвестиции. Им беше даден имунитет на вработените и тогаш баравме објаснување од заменикот министер за надворешни работи зошто е тој имунитет и кој е тука интересот на Република Македонија да се даде таква повластена положба на Европската инвестициона банка.

За жал од Владата како по обичај не добиваме никакви одговори и затоа би апелирал претседателе до вас кога има вакви ратификации, иако праксата е да поминуваат без некои посебни дискусии, сепак заради нас, а најверојатно и заради јавноста да има претставници во најмала рака кои што ќе знаат да објаснат што ние всушност ќе гласаме сега со оваа ратификација.

Би го замолил заменикот министер да објасни кои се интересите од овој договор за Република Македонија и зошто токму е одбрано со Индија да потпишеме договор за взаемна заштита на инвестициите. Дали вакви договори е планирано да се потпишат и со некои други земји во нашето блиско опкружување за да можеме, по наше видување навистина да очекуваме и некои поволности.

Вака како што е поставена работата ние треба да гласаме од она што го имаме прочитано во договорот тоа се клаузули кои што во 90% од

ваквите ратификации се внесуваат, но не знаеме кој е интересот на нашата држава од ваквата ратификација, економски , политички, социјален или било каков.

Би го замолил заменикот министер да ни објасни што всушност претставува оваа ратификација, бидејќи е претставник на Владата, тука е пишан и д-р. Трајко Славески, што е исправно, оваа ратификација повлекува и економски теми или прашања кои што бараат одговор од страна на Минситерството за финансии. Вака сепак Собранието само ќе гласа, во интерес на Република Македонија, а не знаеме кој е тој интерес. Затоа би замолил претставникот на Владата да ни објасни кои се поволностите од ваквата ратификација на овој договор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави заменикот минситер за надворешни работи, повелете.

**Зоран Петров:** Благодарам претседателе.

Образложението што е дадено во Законот јасно и прецизно ги кажува намерите и целите на ратификацијата на еден ваков договор.

Целта на овој договор е да се создаде рамка за економска соработка меѓу двете држави. Во моментов немам конкретни податоци за економијата на Индија да ги прецизирам зошто и ние би сакале да имаме економска соработка со Индија, меѓутоа сметам дека не е потребно детално објаснување со оглед на тоа дека економијата на Индија последните 10 години бележи висок раст.

Во врска со една забелешка за Европската инвестициона банка јас навистина на една од претходните седници не одговарав на тоа прашање бидејќи беше поттикната дилемата дали ние воопшто и даваме преголеми права на вработените во оваа институција, сакам само да кажам дека се работи за стандардни процедури, за стандарден начин на регистрирање на странски претставништва во Република Македонија. На истиот начин, со истите бенифиции се регистрирани и Светската банка и Европската банка за обнова и развој во Република Македонија. Потполно идентично, потполно целосно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам. Му благодарам на заменикот министер за објаснувањето што го даде по мое мислење дека е недоволно и во суштина не ни објасни ништо освен она што го пишува во предлогот за ратификација на овој договор.

Господине заменик минситер во ред е тоа што економијата на Индија расте, меѓутоа треба да знаете дека ние со нив се среќаваме на пазарот од аспект на конкуренти во делот на текстилната индустрија. Воопшто целата текстилна индустрија не само Република Македонија, туку во цел свет тие ја држат на многу ниски цени. Можеби не е тоа предмет на овој договор за ратификација и можеби ние не сме спремни да елаборираме за таа работа, но зато амислам дека треба посуштински објаснувања да ни давате кога доаѓате во Собрание пред пратениците да ги објаснувате овие договори кои што треба да ги одобри Собранието за да истите се ратификуваат.

Друга работа околу Европската инвестициона банка, и тоа објаснување навистина не е во ред.

Ако Светската банка и Европската инвестициона банка имаат такви договори треба знаете дека за Европската инвестициона банка, вие и дозволивте да врши банкарска дејност на ниво на Република Македонија, да купува хартии од вредност, да купува недвижен имот, да тргува со имотот во Република Македонија, а притоа на нивните вработени им давате целосен имунитет и ја ослободувате од одданочување, што на некој начин ја доведовте во нерамноправна, или привелигирана положба во однос на другите пазарни субјекти во Република Македонија. Тука беше главнаа дебата. Но тоа замина ако праксата покаже негативни тенденции од таквата дозвола што ја доби Европската инвестициона банка се надевам дека навремено ќе реагирате и ќе ги исправите сите овие неправилности. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор заменикот министер за надворешни работи, повелете.

**Зоран Петров:** Јас се извинувам ако навистина има потреба за да објаснувам ратификација од ваков тип, оваа не е прва ратификација, ниту е нов начин на комуникација на економски план со други држави, меѓутоа ќе повторам на почитуваниот пратеник.

Целта на оваа ратификација и на ваквите ратификации е да се воспостави рамка за економска соработка. Инаку, апсолутно се согласувам со него дека конкурентноста во поглед на текстилните производи не е тема на овој документ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Сакам да говорам повеќе во име на она што е објаснување на еден проблем што беше инициран од страна на колегата Марјанчо Николов.

Инвестирањето на странскиот капитал во сите држави на земјината топка од правен аспект се прави врз основа на два начина, што значи правната заштита е во два правца. Заштита преку билатерални спогодби кои што според карактерот се идентични во сите држави. Во оваа насока оваа спогодба која што ние ја разгледуваме денеска, или договорот е идентична со сите договори што ги има

потпишано Република Македонија и што се ратификувале од страна на овој Парламент. Тоа се околу 16 држави, а колку што имам информација се подготвуваат и многу други договори, затоа што тоа е во интерес на странските инвеститори.

Второ, преку таканречените зачленувања во Меѓународната организација за заштита на странски инвестиции што се нарекуваат фирми. Република Македонија е членка на оваа организација, Република Македонија има склучено над 16 билатерални договори за реципрочна заштита на инвестициите. Тука се работи за заштита на странскиот капитал, било да е тој приватен или јавен.

Јас го имам прочитано овој договор и чинам дека ова Собрание треба да даде зелено светло. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за поттикнување и заемна заштита на инвестиции.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника. Од нив за предложениот заклучок гласаа сите 66 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Тука ја прекинувам седницата.

Објавувам еден час пауза.

Продолжуваме со работа во 15,10 часот.

(Пауза од 14,07 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,25 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, бидејќи ќе преминеме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници. Од нив за Предлогот гласаа 55 пратеници, нема воздржани, еден против.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници, полноважно е гласањето.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за ндворешни работи, повелете.

**Зоран Петров:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандамнот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 62 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за поттикнување и заемна заштита на инвестиции.

**Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за олеснување на издавањето визи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на Законот да се пријават за збор.

За збор се јави и има збор заменикот министер за надворешни работи господин Зоран Петров, повелете.

**Зоран Петров:** Благодарам претседателе.

Без оглед на фактот што Одлуката за целосна либерализација на визниот режим на Република Македонија кон членките на Европската унија е во финална фаза, ние како држава имаме обврска да реализираме дел од Спогодбата со Европската комисија, со Европската унија што ја потпишавме минатата година, минатиот септември, на 18-ти септември 2007 година, тоа

што се однесуваше на олеснување на издавање визи од страна на сите членки на Европската унија и членки на Шенген зоната, во тој Договор беше предвидено Република Македонија - сосема накусо ќе кажам, мислам дека имам обврска да образложам некои работи..

**Трајко Вељаноски:** Не, не се слушаше доволно, затоа велам приближете се кон микрофонот за да можеме да ве слушнеме. За да можеме да ве разбереме треба да ве слушнеме.

**Зоран Петров:** Република Македонија согласно Спогодбата со Европската унија за олеснување на визниот режим, имаше обврска да склучи билатерални договори со две членки на Шенген договорот, а не се членки на Европската унија, тоа се Норвешка и Исланд, Кралството Норвешка е првата држава со која го правиме тој договор, условите за визните олеснувања се целосно идентичНи со Договорот што го имаме со Европската унија, нормално, со нужните измени што го предвидуваат карактеристиките на државата. Станува збор за категории на граѓани кои се опфатени во тој систем на возно олеснување. Овој Договор е обврска од Спогодбата со Европската унија од минатата година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за олеснување на издавањето на визи.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 66 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, против не гласал никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за предлогот гласаа сите 64 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се приознесе.

Има збор заменикот министер за надворешни работи, повелете.

**Зоран Петров**: Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 63 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за олеснување на издавањето визи.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на закон за правната заштита на услугите кои се засноваат на или опфаќаат условен пристап.**

Молам претставник од Министерството за економија да биде присутен во салата за да продолжиме со работа.

Со оглед дека претставникот на Владата не е тука, ја прекинувам седницата.

Ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме со работа во 15,55 часот. Благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,02 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на закон за правната заштита на услугите кои се засноваат или опфаќаат условен пристап.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

(Следи минута чекање)

Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Мираковска Соња, господин Макрадули Јани, госпоѓа Иванова Цветанка, министерот за економија господинот Фатмир Бесими.

Има збор министерот за економија господинот Фатмир Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе на Собранието, почитувани пратеници,

Со цел за уредување на правата на давателите на услугите во Република Македонија, се наметна и потребата од донесување на соодветна правна регулатива за правна заштита на услугите кои се засноваат и опфаќаат условен пристап.

Правниот основ за донесување на закон за правна заштита на услугите, кои се засноваат, или опфаќаат условен пристап, произлегува пред се, од потребата за реализација на преземените обврски од страна на Република Македонија во врска со усогласување на националното законодавство со правото на Европската унија и во законот се трансформира директивата на Европската унија број 84 од 1998 година, за правната заштита на услугите, кои се засноваат, или опфаќаат условен пристап.

Целта на законот е регулирање на условите, односно принципите за правна заштита на услугите, кои се заснивaат или опфаќаат условен пристап, односно услугите кои се обезбедуваат со надоместок. Ваков тип на услуги се среќава во областа на телевизиската радиодифузија и услугите од информатичкото општество. Овој закон се однесува инаку за правата на давателите на заштитени електронски услуги, но воедно ги штити и принципите на внатрешниот пазар.

Имено, согласно со овој закон забранетите направи не е дозволено да се изработуваат, инсталираат и увезуваат, дистрибуираат, продаваат или да се поседуваат за остварување на комерцијални цели.

Инаку, овој закон веќе ја помина првата фаза од своето донесување. Инаку беше усвоен на седница на Владата на 3 јануари 2008 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Почитуван претседателе, почитуван министре,

Сакам да го поздравам предлогот за носење закон за правна заштита на услугите кои се заснивaат или опфаќаат условен пристап, затоа што мислам дека навистина е време оваа област да биде регулирана. Од она што можевме да го видиме од вашиот предлог транспонирана е европската директива 84 од 1998 година во целост.

Европските прописи нам не ни оставаат простор за дефинирање на механизмите со кои практично еден закон ќе го направиме ефикасен, значи применлив. Овде решението кое вие го нудите е надзор кој ќе го врши Државниот пазарен инспекторат и тоа е во ред. Во моментот Државниот пазарен инспекторат работи и по Законот за заштита на потрошувачите, но симптоматично е она што го тврдите дека нема фискални импликации, а тоа значи смета дека нема потреба од доедукација на луѓето кои ќе работат по овој закон.

Државниот пазарен инспекторат работи, работеше до јуни додека не донесовме уште 160 и неколку закони, работеше по триесетина закони, значи беше овластена институција да постапува по над 30 закони и сведоци сме дека иако ги прашате нив, исто така ќе ви кажат дека не успеваат секогаш со капацитетот, со целосната инфраструктура која им стои на располагање да одговорат.

Значи, почнуваме веќе да се судруваме со неефикасност на дел на институциите, затоа што ние како законодавно тело, а уште повеќе вие како Влада, не обезбедувате доволно средства за обезбедување на потребните инфраструктури и на потребните ресурси, пред се, човечки ресурси.

Сметам дека вака поставен законот, надзор од Државната пазарна инспекција, нема да може да го спроведе, затоа што не може да препознае забранети, недозволени активности, со оние човечки ресурси со кои располага, или со она знаење кое го имаат човечките ресурси во таа државна институција. Затоа е исклучително важно да се обрне малку повеќе внимание на тоа, дали законите кои ние ги носиме ќе станат применливи и ефикасни. Затоа што често ни се случува донесени закони да стојат уште долго време на страна, затоа што луѓето кои треба практично да го вршат спроведувањето, не се во состојба, немаат доволно познавања, или немаат доволно потребни ресурси за да можат да ги спроведат, а ова сигурно ќе се случи на овој закон, ако вие и понатаму тврдите дека нема потреба од фискални импликации, дека нема потреба од дополнителна обука на луѓето кои понатаму како инспектори треба да ја детектираат повредата, од одредбите од член 4 од овој закон.

Можеби констатација би била ако не се обрне доволно внимание, ако конечно ние не проговориме дека сите закони кои ги носиме треба да бидат ефикасни. Можеби е идејата само популизам, како носењето на на 160 закони по итна постапка повеќе личеше на популизам, отколку на реална работа, за која треба да се отвори јавна расправа. Или можеби нешто слично на она што пред дена го видовме, кога премиерот се обиде да се шлепа на нечие животно дело, и на нечија смрт, ама тоа го направи многу неуспешно, но во овој дом треба конечно да проговориме дека популизмот го достигна врвот.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, држете се на самата точка од дневниот ред, на самиот закон и по одредбите од законот.

**Соња Мираковска:** Само што може да значи ако ние доволно не разговараме за применливоста на законите за кои зборуваме и за кои ние овде ќе дадеме, поготово со европските закони и со кој ќе се соочиме и со кој ќе се согласиме и Европа ќе смета дека сме ги трансформирале и дека ќе бидат применливи во нашата држава. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитуван министре,

Ќе се обидам прво малку генерално да зборувам за концептот на закони со европско знаменце а потоа нешто да кажам и за законот.

Прво, сите закони со европско знаменце се дел, или задолжителните закони од Националната програма за усогласување на националното законодавство. Целата таа постапка, односно усогласување со европското законодавство се дадени и во кореспондентната табела каде што има прецизни работи на кои што се укажува. Процесот на прилагодување, ова сакам министре да го нагласам посериозно, процесот на усогласување, значи пренесување на суштината на европското право, а не значи прост превод на закони. Тука ќе ја кажам првата суштина. Законот е преведен лошо и она што е најлошо, преводот што го имате дадено во кореспондентната табела, не е истиот со законот што ни го нудите овде. Значи, преводот што е даден на Секторот за европски интеграции, вие сте го навеле во кореспондентната табела, има дефиниции кои не се исти со овие дефиниции. Се плашам дека Владата добила потврда за овој закон од Европската комисија за друг превод. Не во голема мера суштински, но за некои работи значајни.

Значи, имаме една ситуација, каде што под закрила на европското знаме ни се нарушуваат концепти и покажува дека Владата на Никола Груевски, без разлика на коалициониот партнер не го разбрала процесот на прилагодување на европското законодавство. На сите семинари, на систе сајтови ако сакате да одите, и на европскиот сајт, пишува убаво. Прилагодувањето на европското законодавство не е прост превод. Затоа, кога оваа директива ја напишале во 1998 година, кога се однесувала на ПЕЈТИВИ и на телевизијата преку граници дошло до промена во технологијата и овој закон е т.н. технолошки воден закон, каде што некои одредби кои се однесуваат пред на Е комерцијата, се во контрадикција со условниот пристап и со уредите кои што тоа го прават. Затоа во директивата пишува дека секоја земја членка на Европската комисија на секои две години прави анализа за да можат некои работи да се прилагодат. Сега ние како држава практично ја преведуваме директивата 98/84 од 1998 година без да ги уфрлиме оние нови елементи кои се однесуваат на сервисите од информатичкото општество. Затоа овој закон спаѓа во главата на прилагодување во делот на информатичко општество. Тоа што во нашата држава има и посебно министерство, кое не работи ништо освен да ги злоупотреби парите на државата за компјутерите во секое училиште. Тоа што во Законот за електронски комуникации, Министерството за транспорт и врски е надлежно за информатичко општество е посебна каша и попара во државата. Се плашам дека без посебно изградена институција, во овој случај квалификувани инспектори, не ќе може ова да се реализира, ваквата контрола на злоупотребата на заштитени информации преку средствата за комуникации. Ќе ви посочам уште еден пример кој што мислам дека е дел од лошиот превод или неадекватната дефиниција ја користи.

Имено, давател на услуга од аспект на комуникации имаме во неколку дефиниции, во неколку закони различни дефиниции. Вие овде сте ја дефинирале како давател на услуга е физичко, или правно лице што ги обезбедува заштитените услуги. Но, во суштината на англискиот збор и во суштината на активноста тоа се мисли на сервис провајдерите, оние даватели на услуги што се во поширока мерка а не во давател на услуга што ги обезбедува заштитените услуги. И тоа затоа ви влегува во коализија со дефиницијата шест. Значи, тој давател на услуга кој се грижи во шест не се однесува само на заштитените услуги, тоа е генерално на сервис провајдерите кои што мора да бидат дел од овој систем на контрола од упади преку уреди, или преку софтверски апликации кои што ќе крадат дел од информациите што течат а се заштитени, без разлика дали е тоа телевизија, дали е тоа информатички сервис.

Не би сакал да навлезам многу повеќе и во казнените одредби според мое скромно познавање, тука не сум експерт, мислам дека казнените мерки што се овде напишани не соодвествуваат со другите казнени одредби или со нашите закони кои се прекршочни одредби или казнени одредби од нашето законодавство. И затоа оваа исклучително значајна свера треба да изгради во рамки на Министерството, ако е тоа за економија во ред. Институции кои што треба да се грижат исклучиво за заштита и на интелектуалните права бидејќи тука се загрозени кои што мора да ги стимулира. Кои ќе бидат тие сервис провајдери или инспектори кои што ќе работат на откривање на овие прекршители како на авторските права така и на заштитените и кодираните информации и сериозно ќе пристапи на откривање на сите кои што во овој момент за жал нелегални активности се вршат во делот на пиратската индустрија која ги злоупотребува комерцијалните комуникации. И затоа со овој закон можеби ќе ни стават на почеток плус дека го имаме како завршено во делот на усогласување со европското законодавство. Но, кореспондентната табела што ја имаме после законите има уште една друга намена а тоа е скрининг, или кореспондентната табела гарантира спроведливост на законите во практика. За жал, тоа го зборуваше колешката Мираковска, без дополнителни средства во градење на образовани инспектори кои што ќе се бават со ова во градење на еден амбиент во кој што ќе може сето ова да се контролира, овој закон ќе биде неприменлив. И затоа во извештајот на Европската комисија ќе пишува донесен е тој закон ама неговата применливост на ваков начин со лош превод, со лоши решенија, со неповрзаност со реалниот живот во Македонија,

нема да донесе ништо позитивно. Ние ќе го подржиме овој закон укажувајќи на лошата навика дека само преводот на одредени директиви ги преточуваме во закони и со тоа мислиме дека работите ќе се решат. Не. Работите се решаваат со закон кој што ќе направи една поширока расправа и од бизнис заедницата која што се бави со ова. Ќе направи една анализа зошто во одредени закони некои зборови ги викаме така, во други закони ги викаме поинаку, не заради лексичка и граматичка усогласеност, туку заради применливост во праксата за да може да се лоцира одговорноста која овозможила во овој услов пристап до некои заштитени услуги или кодирани услуги или платени од друга страна услуги. На тој начин немајќи ја суштината на прилагодувањето на нашето законодавство многу ќе доцниме на патот кон почетокот на преговорите, а пред почетокот на преговорите со тој скрининг процес само се гледа применливоста на законите, а не брзината и бројот на донесени закони. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Како што кажа и мојот колега Јани Макрадули пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз ќе гласа за потребата од донесување на законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат условен пристап, затоа што овој закон носи знаменце на Европската унија затоа што сме доследни на нашите ставови и на ставот дека пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз секогаш ќе поддржува донесување и ќе дава приоритет при донесувањето на законите кои што го носат европското знаменце и значат усогласување со европското законодавство. Но верувајте не можеме да не укажеме на решенијата или на лошите решенија или на лошиот закон кој што во овој момент во Собранието на Република Македонија ќе биде донесен. Свесни сме дека има потреба од овој закон, свесни сме дека со ова ќе се транспонира една важна директива од оваа област од Европската унија и свесни сме дека нашето законодавство треба да го усогласуваме. Но очигледно при изработката на овој закон каде што предлагач ни е министерот за економија или Министерството за економија, не биле таму свесни дека не е доволно само да се препише или да се преведе одредена директива и да се направи во форма на закон и да помине преку ова Собрание, туку треба сериозно да се води сметка кој треба да учествува во изработката на работната верзија во овој случај значи требало да се инсконсултира и Министерството за правда во најмала рака ако не можеби и би требало да биде предлагач на овој закон затоа што се работи за правна заштита на услуги. Ако е за правна заштита тогаш најдобро системот на поставеност и на управната постапка и на управните мерки и на судската заштита секако дека најдобро, најповикано ја знае Министерството за правда. И затоа имаме овде многу лош закон, многу лоши решенија.

Во овој закон кој што се на се има 12 одредби заедно со одредбите за прекршок, за прекршочна постапка, за порамнување завршна, значи се на се некаде 5, 6 одредби, сака да се регулира начин на постапување на органите во управна постапка, што ќе рече Државниот пазарен инспекторат и начин на постапување на судските органи во оваа сфера. Со една реченица, со еден член не може ова да биде регулирано. Искрено да ви кажам дека кога би била јас судија или кога би била адвокат да пружам правна заштита или да судам по овој закон, навистина јас не знам како овој закон ќе го применувам.

Јас би ги замолила и пратениците кои се правници во овој парламентарен состав да погледат и ќе видат дека практично ние ќе донесеме закон, а овој закон нема никогаш да биде практично имплементиран. Зошто? Затоа што содржи нелогичности.

Прво, ќе почнам од управните мерки. Управните мерки си се регулирани со посебен закон. Таму се знае кој управни мерки Управниот инспекторат или Државниот пазаредн инспекторат како државе орган може да ги изрекува. И добро е ајде да речеме дека со овој член за управни мерки нешто е постигнато. Но, со постапувањето пред судовите тука ниту имам кој суд е надлежен, затоа што дел од постапките кои што ќе се водат се од управна природа, дел од постапките кои што ќе се водат се од облигациони односи од граѓанска природа. Значи, практично, не знаеме кој по овој закон суд ќе биде надлежен. Нема услови за изрекување на времени мерки. Ако донесуваме посебен закон за оваа област, ако сме се откажале од важењето на законот кој што е лек специјалист за обезбедувањата каде што го одделивме тој дел од законот за извршната постапка или од законот за извршување, имаме посебен закон сега за претходни мерки, тогаш ако сме решиле со посебен закон да регулираме во оваа област издавање на претходни или времени мерки треба јасно и прецизно да бидат дефинирани условите кога надлежниот суд, кој што не го знаеме ни кој ќе биде надлежен, кога и во кои услови може да изрече времени мерки. Тука се зборува дека кој може да побара времена мерка, не во кои услови дека да биде предлагач, нормално странките можат да побараат секакви дејствија, секакви мерки. Да бил давател на услуги, да е повредено нормално правото и рокот е даден. А, во кои услови и како поконкретно ништо не е разработено. За да биде апсурдноста уште поголема, само ќе ви прочитам еден член. “Судот може да донесе времена мерка и без сослушување на спротивната страна, што е во ред, ако постои основано сомнение дека подоцна заштитата не ќе може да се изврши. Судот задолжително ја известува спротивната странка за изречената времена мерка” и тоа е во ред “и притоа му одредува рок на предлагачот во кој треба да покрене тужба според членот 10 од овој закон”. А, членот 10 од овој закон е следен: “за

прекршоците пропишани во член 9 од овој закон прекршочна постапка води надлежен суд". Значи, ништо не регулира член 10 поврзано со она на што упатува членот 8 став 3. И, замислете кога овој закон ќе го донесеме, ќе гласаме, ќе го објавиме во Службен весник и ќе се чудат правниците и нормално после ќе не критикуваат дека тука ние како кукли седиме и ништо не гледаме што донесуваме. Овој закон ќе се применува практично ако го донесеме. Ајде сега кажете ми дали некој направил симулација што значи оваа одредба на членот 8 став 3 поврзано со членот 10. А, цел закон е за управна и судска заштита на овие услуги, кои што искрено да ви кажам јас не сум стручњак и не ги ни разбирам кои се тие услуги. Тоа е специфична област и за тоа треба посебно предзнаење. Не сакам да го искористувам целосно времето, еве да не кажете дека одземаме време од ефикасноста на Парламентот. Сакав со мојава дискусија само да предочам дека ова Собрание, прво, не смее да донесува закони само за да ги донесе законите. Само да пишеме во извештајот до Европската комисија дека сме го усогласиле нашето законодавство со одредена директива. Ова Собрание не смее да донесува закон кој што практично ќе е неприменлив. И, што е најжално, овде јас верувам дека има минимум 20 правници во овој парламентарен состав, ако не и повеќе. Не поднесување на амандмани од страна на опозицијата, со неподнесување сакавме да докажеме дека во ова Собрание парламентарното мнозинство не сака да ги чита законите и не сака да реагира и тогаш кога навистина има неправни празнини, ова јас не знам како повеќе да го наречам, поднесете го нека го прочита и правник со обично правно искуство од една година, ќе ви каже дека овој закон зошто е донесен, не е применлив, не е усогласен. Само со себе не е усогласен. Претходната одредба со наредната не е усогласена, ви прочитав конкретен пример. Значи, дискусијата ја зедов за три работи да кажам, дека ова Собрание не смее да донесува вакви закони, дека овој Парламент треба да ги чита законите и да реагира, дури и ако се работи на реакција на пратеник од парламентарното мнозинство, а за закон поднесен од Владата. Нема да се срони превезот на Владата ако укажеме на некои работи кои што после сигурно поголеми штетни последици ќе предизвика. Затоа, мислам дека бев доволно јасна. Ако сакате ќе го гласаме законот, ние укажавме на недоследностите. Она што треба да се направи е законот да оди во две фази и да се исправат овие недоследности. Инаку, јас ви кажав ќе гласаме како пратеничка група, затоа што не сакаме повторно да не третирате како кочничари на реформите во Република Македонија на усогласување на нашето законодавство со европското законодавство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави министерот за економија господин Фатмир Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ви благодарам исто на вашиот придонес.

Прво, јас би ја искористил оваа прилика да ви се заблагодарам за вашата одлука да гласате за овој закон, затоа што со подобрување и воведување на вакава регулатива, правна регулатива во Република Македонија ние ќе се доближиме секако кон пазарните принципи и стандарди на Европската унија, а воедно и за делот што се однесува, што се регулира со овој закон. Јас само накратко ќе наведам дека има мислење од Европската комисија, позитивно мислење за овој закон. Притоа, во самите укажувања односно директивата пишува дека имплементацијата ќе се направи согласно домашната правна легислатива да биде усогласена со другите закони во делот за имплементација за прекршочните постапки, ќе се испочитува Законот за прекршоци и усогласеност со тој дел и од аспект на фискалните импликации е и дополнителната обука за новите инспектори. Јас само накратко ќе ве информирам заради коинциденција, денес имавме една завршна конференција за еден проект кој се финансира од Европската комисија кој чини 2 милиони евра и тоа е токму за техничка асистенција за подршка на надзорот во Република Македонија, а воедно во Пазарниот инспекторат во Министерството се планира да се направи одделение за внатрешен пазар, кој што ќе го регулира и овој дел. Сметаме дека со воведување на ваков закон во Република Македонија, ние ќе ја збогатиме и ќе ја унапредиме нашата легислатива во врска со пазарните принципи согласно еворпските стандарди. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господиниот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас би реплицирал само во два дела, нема да одземам многу време. Да апелирам во рамки на Министерството за економија овие слични закони кои што се донесени од областа на информатичкото општество, нека ги погледаат и да ги усогласат дефинициите, различни се дефинициите што се користат или да се усогласат со генералниот според мене закон за електронски комуникации кој што треба да биде основа од која ќе се влечат термините кои се однесуваат на органи, уреди и комуникации од областа на електронските комуникации.

Второ, овие 2 милиони евра што ги спомнавте се добредојдени, ама за жал, слушаме од европските колеги дека Република Македонија заради лошата политика што ја води во ЕУ-секторот и неизградувањето на капацитетни институции соодветни, има веќе изгубено 150 милиони евра. Така што овие 2 милиони евра се добродојдени, но се капка во морето или во океанот, што заради неспособноста на Никола Груевски и другите сме ги изгубиле. Да се

надеваме дека со влегувањето на ДУИ работите во Владата ќе тргнат на подобро. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници и гласањето не е полноважно.

Молам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

Во салата има повеќе од 61 пратеник и можеме да преминеме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за правната заштита на услугите кои се засноваат на или опфаќаат условен пристап.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на Закон за селекционерски права**

Предлогот за донесување на законот, дописот на Законодавно-правна комисија и извештајот на Комсијата за земјоделство, шумарство и водостопанство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлатачот и пратениците кои сакаат да говорат по претрес по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господиниот Андонов Миле, господинот Сугаревски Горан, господинот Шутаров Васко, господинот Незири Сафет и господинот Ќуркчиев Никола.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете министре.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници,

Потребата за донесување на законот за заштита на селекционерските права е наметната од следните причини. Тоа е дел од регулативата на земјата за заштита на правата од интелектуална и индустриска сопственост. Овој закон е на агендата на закони за влез и усогласување со Европската унија. Овој закон е подготвен според водич од страна на Совето на УПОВ и е во целосен скалд со УПОВ Конвенцијата од 1991 година. Усвојувањето на овој закон на следната седница на Советот на УПОВ ќе значи автоматско зачленување на оваа меѓународна заедница за заштита на нови сорти растенија. Само накратко, би ги набројал неколкуте позитивни ефекти или вредности од донесувањето на овој закон. Прво, во нашата земја донесувањето на овој закон ќе значи стимулација на досегашните, како и стимулација за создавање на нови селекционери и проширување на селекционерската работа, охрабрување на селкциониерите за создавање на нови сорти на растенија кои ќе придонесат за забрзан развој на нашето земјодество и земјата во целина, зголемување на приносот кај одгледуваните растенија, подобрување на квалитетните својства, хранливата вредност, а со тоа и вредноста на производите и подобра заработувачка на производите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господиниот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги,

Законот за селекционерско право е позитивен и секако ќе добие подршка од нашата пратеничка група. Самиот факт што е потребен за развој на земјоделството и е со предзнак на Европската унија, а воедно и услов за прием во УПОВ - Меѓународна организација за заштита на растенијата, каде на 25 овој месец, како што истакна и министерот, се очекува и нашата држава да биде примена за рамноправна членка на оваа организација. Со оглед дека овој закон се донесува по прв пат, сметав дека потпишувањето на подзаконските акти и примената на овој закон, треба да се имаат предвид одредени пропусти и недоречености, кои поради одредени причини се направени. Како на пример би кажал, потребно е прецизирање во апсолутни износи надоместоците предвидени во членовите 11 точка 3 и 4, членот 13 точка 2 и членот 14 точка 2 и 3, каде за поднесување на пријава по точка 3 вели “при поднесување на пријавата за селекционирање, селекциониерот плаќа трошоци за доделување на селекционерското право во висина на стварно направените трошоци за нејзино поднесување”. И точка 4 вели “формата, содржината и постапката на поднесување на пријавата, како и висината на трошоците за доделување на селекционерското право ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство”. Понатаму во членот 13, проверка на пријавата. Во точка 2, за извршените испитувања и проверка од став 1 на овој член, подносителот на пријавата поднесува трошоци во висина на стварно направените трошоци потребни за извршување на потребните испитувања и проверки. Или во членот 14, каде што се доделува и решението за селекционо право во точка 2 вели “ за доделеното селекционерско право носителот на правото е должен да плаќа годишен надомест за одржување на правото во висина на стварно направените трошоци потребно за нејзино одржување”. Или во точка 3 вели “ висината на

надоместокот од ставот 2 на овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Понатаму во самиот Предлог закон, во членовите 30 и 31 децидно, во апсолутни износи се искажани глобите, до колку се погреши или не се применуваат одредбите од Законот за селекционерско право.

Овде сметам како во овие членови за глобите, така и за претходните при поднесувањето за извршените испитувања и за одржувањето на селекционерското право, кое и во стариот Закон е предвидено на 20 години, потенционалниот барател или носителот на акционерското право треба претходно да знае колкав е тој износ што треба да го плати за да го оствари правото и дали тоа му е исплатливо и дали ќе биде стимулативно.

Понатаму, во самиот Предлог на законот не е наведено, не е споменато никаде формирање на комисија за заштита на нови сорти земјоделски растенија. Целата постапка се води преку Управата за семе и саден материјал.

Во мај 2007 година од скоро истата Влада беше поднесен закон за заштита на нови сорти на земјоделски растенија и во истиот тој предлог на закон имаше член20 каде што се предвидуваше постоење односно формирање на комисија за заштита на нови сорти.

Сметам дека е потребно со донесувањето на подзаконските акти односно со инволвирањето на самиот закон да се формира таква комисија и за разлика од тогаш предвидената Комисија во Комисијата треба да влезат и други членови, како на пример членови од Комората, од Здруженијата на земјоделци, затоа што таму имате предвидено само 5 члена од кои 4 се експерти, 1 од Управата. Со самото проширување со уште 2 члена од Комората и од Здружението на земјоделците сметаме дека ќе се постигне многу.

Во самиот закон премногу превејуваат дискреционите права на министерот. Навистина ги има многу, од самото потпишување на актите до спроведувањето на селекционото право да одлучува министерот.

Голем дел од постапките може да се префрлат на Управата односно на веќе споменатата Комисија и со самото тоа би се намалиле тие дискрециони права што се предвидува со препораките на Европската комисија.

На крај сакам да кажам дека овие сугестии и предлози не мора да бидат сфатени како кочница на овој закон бидејки на почетокот тој е позитивен и ќе добие подршка од нас, сакам да ги сфатите како позитивни со цел да се упрости законскиот материјал, да се обезбеди стимулацијата на земјоделците во изнаоѓањето на нови сорти и остварување на земјоделското право за истите.

Значи, ние ќе треба само да го донесеме закон со тоа што е предзнак и истиот да стане практичен и корисен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика веројатно е јавен министерот.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство има реплика, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Јас му благодарам на пратеникот за добрите сугестии кои нормално со почитување ќе ги разгледаме при донесувањето при втора фаза. Јас испуштив да кажам дека овој закон е комплетно пресликан на Законот препорачан од УПОВ, со тоа што околу дискреционите права, околу висината на средствата и сето тоа, тоа е буквално пресликување на Законот кој е препорачан од самата УПОВ конвенција. Буквално за да може да се учествува таму мора да се направи една одговорност, не управа, не тело, него нивната препорака за разлика од она што нашето мислење беше да биде на една одговорност, на пример ако одговорноста му се даде на министерот да даде селекциски права, тој ја има и одговорноста околу тоа пред самата УПОВ. Така да со должна почит ќе се разгледаат сите овие предлози.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер.

Како што и претходно беше кажано, пратеничката група на СДСМ ќе го подржи овој закон, меѓутоа би сакал да дадам одредени забелешки кои се надевам дека во понатамошните фази, министерот за земјоделие ќе бидат прифатени, исто така ќе бидат имплементирани во овој закон.

Имено во член 4 став 1 алинеја 2, подобро е да се избрише целиот текст, а наместо него да се внесе нов текст кој би гласел, “правно или физичко лице овластено од лицето од алинеја 1 на оваа точка по основ на договор”.

Како образложение за ова би го дал, значи прво ваквата измена на алинеја 2 од став 1 на член 4 во целост ќе биде усогласена со став 2 од истиот член и одредбите на член 16 од овој закон.

Второ, со алинеја 1 на овој член е најсоодветно дефинирано лицето кое може да биде селекционер. Меѓутоа не значи дека ако селекционерот работи и создава сорти во некоја институција како правно лице, дека и лицето работодавец по функција треба и тоа да се назначи како селекционер и да стане автор на ново добиената иновација или сорта бидејки функцијата рабодотавец е менлива, и затоа семтаме дека е поиздржано правното лице да биде овластено по однос на договор од селекционерот.

Во член 8 на крајот од текстот посебно да се додадат зборовите и “влијанието на условите на надворешната средина”.

Во член 17 од став 1 алинеја 1 после првите два збора “активности извршени” , подобро е да се додадат и зборовите “од физички лица”. Исто како образложение на овој дел би го кажал дека

кај правните лица, активностите кои ги извршуваат при користење на сорта подобро е да бидат регулирани врз основа на добиено овластување од страна на селекционерот.

Во член 19 исто така став 2 трет рет, последен збор да се корегира и наместо него подобро е наместо “правичен” да стои “паричен”.

Во дел 11 преодни и завршни одредби. Добро е да се предложи како член 33 , да се предложи нов член кој би ги регулирал правата на селекционерите на сите досега признати сорти кој би гласел: “со овој закон се регулираат и селекционерските права на сите до сега одобрени сорти, внесени во регистарот на сорти при Управата за семе и саден материјал.” Така редните броеви на членовите да се померат за едно место, почнувајќи од член 33 како што е во Предлог на законот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Министерството за земјоделие,

Причината за донесувањето на овој закон е усогласувањето со Меѓународната конвенција за заштита на нови сорти на растенија, кое министерот спомна оти е донесена 1991 година. Меѓународната конвенција е донесена 1961 година, а доградена 1973 и 1991 година. Република Македонија станува со ова и член на Меѓународната организација за заштита на нови сорти растенија, или кратенка која што во нашата пракса или дневнополитички говор почесто ќе ја имаме, кратенката УПОВ.

Ако приметивте на денешната седница, случајно или не имаме сет од три закони кои што се меѓусебно многу поврзани, и Република Македонија со примената на овие три закони влегува во една нова сфера во примената на европското право кое по мене е посебно значајно. Би ги споил овие три закони и би повлекол една заедничка нитка. Тоа се Законот за европски патенти, Законот за заштита на услуги со условен пристап и Законот за селекционерски права.

По малку три области кои што не се поврзани од три различни сектори, но многу важни затоа што третираат иста работа, а тоа се на планот на законската рамка од индустриската сопственост, на законската рамка од авторското право, на законската рамка од индустриски дизајн и на новите сорти од рамките на областа на земјоделие. Многу важна област затоа што на терен во Европа и во светот се случува вистинска војна на патенти. 90-тите години беа одбележани со војна помеѓу Соединетите држави и Јапонија, тоа беше таканречената и сеуште важи, за патент на војна помеѓу две светски веле сили во областа на новите изуми.

Република Македонија со примената на ова право, навлегува во еден простор кој што е проблематичен од два аспекти. Најпрво оваа тема во Европа не е комплетно регулирана. Ќе ви кажам само еден пример, очекував дебата по точката за заштитата на примената на конвенцијата за европски патенти. Европа сеуште нема надлежен суд кој што би ги регулирал правата од заштита на изуми или патенти. Со истата проблематика еден ден ќе се соочиме и со примената на овој закон.

Второ, Република Македонија влегува во една конкурентна сфера беспоштедна во кое што ќе треба многу вложувања, многу труд и многу истрајност да се издржи во рамката на промоција на она што се вика ново, заради тоа што новото во техничко-технолошките или индустриски сфери значи навистина прав капитал.

Европската унија има насоки да издвојува 3% за развој, односно таканаречената ера зона или европско развојно истражувачка зона, им наложува на земјите членки на Европската унија да одвојуваат 3% за истражување или за нови изуми. Досега според материјалите или параметрите кои што јас ги имам Европската заедница издвојува 1,8% од вкупниот бруто домашен производ на земјите членки на Европската унија за истражување.

Во оваа област што денес ја регулираме, во доменот на откривање заштита и унапредување на нови сорти од растително потекло, Република Македонија ќе добие одредени бенефити. А кои се тие предности што Република Македонија ќе ги добие. Во нашата земја на пример има сортирано веќе нова сорта афијон, која што е подложна на поголеми сушни периоди, многу земји се заинтересирани за увоз на оваа сорта, но заради тоа што Република Македонија ја немаше ратификувано оваа конвенција до сега и не беше дел од УПОВ, не можеше просто да ја продава оваа нова сорта на афијон. Некои сорти на пченица имаат компаративни предности пред други сорти пченица, кои што ги поседуваат другите земји. Значи освен правната рамка која што е на некој начин и престиж, Македонија е 66-та земја која станува членка на УПОВ или на Меѓународната унија за заштита на нови сорти растенија, туку ќе има и одредени економски бенефити за сите оние кои што ќе учествуваат во овој пазар или во оваа конкуренција.

Јас би сакал за малку внимание почитуван претседателе, и министерот ќе сакам да биде малку повнимателен, ќе сакам да нотирам пар забелешки кои што на Комисијата ги спомнав, и ќе сакам до следната фаза на разгледување на законот, овие заблешки најсериозно да бидат третирани заради тоа не се толку бенигни за да си ги префрлиме од уши на уши.

Се надоврзувам на дискусијата на колегите од претходната точка на дневниот ред - применливоста или преводливоста на европското право во нашата земја, што е проблем со кој што ќе се соочуваме во интерпретирањето и транспонирањето на европското право на наш јазик.

Во Европската унија не е донесена една необврзувачка бела книга за политичка комуникација, во кое што децидно стои секој закон кој што ќе биде донесен во рамките на Европската унија и на аспирантите за членки на Европската унија, треба да биде напишан на јазик разбирлив за козументите или крајните корисници на законот. Пред нас имаме Закон за селекционерско право, кој што ако не го читав три пати немаше да ми биде јасно за што се однесува. Меѓу другото доблеста или квалитетот, да се пишува закон кој што ќе биде разбирлив за корисниците е многу важна работа. Ја читав англиската и француската верзија на Меѓународната конвенција за заштита на нови сорти на растенија, ја читав и на хрватската и словенечката, и споредив и ми беа многу јасни, што е многу страшно. Ми беа многу појасни тие одредби од конвенцијата отколку од некои одредби од ова што го гледаме како Предлог закон кај нас. Најнапред слекционирањето. Хрватите и Словенците кој што овој Закон го имаат донесено 2001 година и 2000 година Република Словенија, зборуват за оплеменување или кај нас во нашиот мајчин јазик облагородување на растителните врски. Селекционирањето е вреди да се размисли и по малку технички механички збор кој што има некогаш и негативен контекст, затоа што селекционирањето е еден иверзибилен процес. Членот 1 од конвенцијата вели: облагородувач или оплеменувач на растителни сорти е лице кое облагородува или открива и развива некоја сорта. Значи нашиот мајчин јазик содржи еден збор кој што е многу поприменлив и полесно крајните корисници или оние кои што ќе треба да го применуваат овој закон, некои работи ќе им станат многу појасни.

на Комисијата за земјоделсто, шумарство и водостопанство нагласив на неколку работи кои што заменикот минситер и претставниците од ресорното минситерство ги нотираа како мои забелешки и навистина ќе инсистирам, во следната фаза да не ни се случуваат одредби од законот кои што не можеме да ги разбереме. На Пример член 24 став 2 кој што вели: селекционерското право нема да биде престанато од други причини освен од оние наведени во став 1. Таква дејност нема да биде престанато, јас не познавам ниту во говорниот, ниту во литературниот македонски јазик, или одредби на пример членот 26 кој што вреди да се прочита како пример, како парадигма за тоа како не треба да звучи еден член, за став 2 селекционерот чии права се повредени, покрај надоместокот за штата од став 1 на овој член, исто така може да поднесе барање за забрана за сторување, или продолжено сторување на повредата на селекционерското право.

Значи освен овие забелешки кои што ги имав на Комисијата, кои што се од номотехнички или лексички карактер, законот содржи одредби кои што ќе бидат корисни за Република Македонија, и со две раце ќе гласам за овој закон, но овие забелешки кои што ги нагласив ќе сакам во втората фаза најсериозно да бидат третирани и предлагачот да ги земе предвид. Благодарам.

**Рафиз Алити:** За збор е пријавен пратеникот Сафет Незири.

Има збор господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

И на Комисијата за земјоделство, каде што сум член и тука беше присутен заменикот министер за земјоделство, ги укажавме нашите забелешки, сугестии и нашите совети во однос на тоа што кажа и мојот колега Васко Шутаров, каде сигурно извештајот е до Министерство за земјоделство и треба да ги има предвид сите сугестии кои што ги искажавме и сега ги искажуваме на пленарна седница, но ги искажавме и на седница на Комисијата за земјоделство. Иако се говори за прва фаза од донесување на овој закон, со самиот факт дека се говори за прва фаза, нормално нашите забелешки и сугестии треба да се прифатат сериозно од министерот и од Министерството за земјоделие. Има случаи и моменти од технички аспект, од јазичен аспект и терминолошки аспект каде навистина треба да се интервенира и да се корегира во втората фаза кога ќе се предложи овој закон да не оставиме простор да интервенираме со амандмани и навистина да имаме еден закон во целина кој ќе одговара на нормативите и одредбите од УПОВ каде ќе бидеме членка на оваа меѓународна организација.

Се говори за закон кој треба да се прилагоди на легислативата на Европската унија, целта е како членка на УПОВ треба да се донесе закон во согласност со оваа организација преку стимулација на земјоделците е од интерес за негувањето на посебни видови или нови видови на растенија, е една од политиките на оваа Влада стимулативна за земјоделството е и оваа гранка. Само по себе бидејќи Република Македонија има извонредно голем земјоделски потенцијал и слободно можам да кажам дека се говири за една аграрна територија и подрачје и политиката која ја отпочна во насока на стимулација на земјоделството во целина, и другите дејности од оваа област мислам дека е добре дојдено и за земјоделците иако во последно време имаат потешкотии за реализација на овие бенифиции кои ги нуди Владата на Република Македонија конкретно преку Министерството за земјоделство.

Освен што овој закон нуди стимул за земјоделците, тој истовремено нуди можност и на странските државјани кои имаат интерес да инвестираат во Република Македонија во селекционерските права односно за посебни видови растенија со кои се класифицираат или се ретки или воопшто ги нема во Република Македонија. Со самиот стимуланс и самото привлекување странски инвеститори во Република Македонија и во аграрот или во

земјоделството се прави исчекор напред конкретно во оваа насока. Со нови растенија се овозможува капацитетот да се зголеми и во квантитет, но и во кавлитет, зголемување на прехранбената вредност, видови кои се отпорни кон разни болести, но да не заборавиме, со климатските промени во Република Македонија во подрачјето и во светот доаѓаат некои годишни времиња кога се соочуваме со голема суша, што значи дека секој кој е заинтересиран да инвестира во оваа насока во растителни сорти како се селекционерски права да има можност да негува и да имаме можност, да имаме поголем интерес во насока на овие растенија да има зголемување на квантитетот и квалитетот, но и на прехранбениот квалитет, но исто така и квалитет во насока на тоа да бидат отпорни кон разни болести. Тоа е една можност да имаме растенија кои ги спомнаа некои колеги, кои се отпорни кон сушата. Бидејќи Република Македонија ги има и двата елементи, имаме површини за кои има можност да се наводнуваат, но имаме и површини за кои немаме можност да се наводнуваат на потребното ниво. Ова е една стимулативна политика во земјоделството. Со оваа дејност, бидејќи политиката на Република Македонија е главно кон стимулацијата на аграрот, треба да создадема услови и предуслови, со што нашето стопанство, посебно земјоделството да биде конкурентно на европскиот пазар, но и пошироко во светски размери, бидејќи до денес сме се докажале дека имаме здрави земјоделски производи паралелно со разни држави кои употребуваат разни препарати. Имаме неискористен потенцијал.

Ќе повторам бидејќи и министерот е присутен, кој треба да ги има предвид сите наши сугестии и забелешки, бидејќи се говори за права фаза на донесување на овој закон, да се интервенира во насока на нашите забелешки, забелешките на Шутаров и други колеги, да се интервенира од терминолошки и јазичен аспект.

Исто така, имам уште една забелешка. Во членот 10 не ми беше јасно за што се работи, но потоа ми објасни заменикот министер. Таму се вели следното, ако ми дозволите ќе го прочитам во оригинал: "одредбите на овој закон ќе се применуваат за најмалку 15 растителни родови и видови кои ќе ги утврди со листата министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на родови и видови кои се од економски интерес за Република Македонија, а на предлог на комисија составена од компетентни лица од областа на растителното производство". Со ова мислев дека треба секој кој ќе конкурира од нашите земјоделци или заинтересирани лица во ова да има најмалку 15 растителни родови или сорти и конкурира. Но ова беше спротивно, државата Република Македонија треба да биде конкуретна и да има 15 растителни родови кои ги штити државата. Затоа, би било добро да биде согласно барањата на УПОВ Република Македонија како држава да конкурира со 15 растителни родови. Ова треба да го има предвид министерот, да ги има предвид нашите сугестии кои се однесуваат на подобрување на текстот. Ви благодарам за вниманието.

**Рафиз Алити:** Му благодарам на господинот Незири.

За збор се јави и има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Јас би сакал накратко само со неколку реченици да дадам подршка при донесувањето на овој закон. Особено се радувам што предлагачот го дал во оваа фаза во која што е даден, значи денес расправаме за првата фаза на законот за селекционерски права и донесувањето на овој закон иако претставува усогласување на нашето законодавство со директивите и регулативите на Европската унија од областа на селекционерскте права односно почетокот еден за Република Македонија во делот на регулирање на земјоделството, во делот на постапката, начин и условите за доделување и престанок на селекционерското право.

Се рабира минатата година беше донесен законот меѓутоа, не знам од кои причини, можело и тогаш да почне хармонизација односно усогласување на нашето законодавство. Да беше порано тогаш ќе имавме разбирање, меѓутоа и тогаш претпоставувам постоеја директивите врз кои што почива овој закон за којшто ние денеска зборуваме и можеби би било згодно да предлагачот односно министерот ни каже кои се директиви на Европската комисија се вградени во овој закон.

Заменикот министер имаше многу кратко образложение во делот на работата на Комисијата за земјоделство и затоа ја користам приликата да прашам уште еднаш дали за спроведување на овој закон, кој што за прв пат ги носиме во Република Македонија или оваа дејност, се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија или не и дали, уште еднаш прашувам, се работи за јавна дејност, услуга или јавна служба. Доколку одговорот е не, тогаш во право се сите оние кои што реагираат и се прашуваат од каде средства за спроведување на законот односно спроведување или извршување на оваа дејност. Се сложувам со колегата пратеник Андонов кој што вели дека дискреционото право на министерот да ги определува цените може да предизвика реакции особено кај селекционерите, кај авторите на голем број на очекувани сорти кои ќе се појават во Република Македонија, иако кога во целина се гледа законот јас би рекол дека и најдобронамерно укажувам дека законот е можеби недоречен или лошо преведен, особено во делот на финансиите, заради тоа што не може да се знае кој кому плаќа и што добива со тоа плаќање, иако членовите од 11 до 15 зборуваат на таа тема и бидејќи, како што спомнаа и останатите колеги, во законот има повеќе членови кои треба не само граматичКи да се корегираат, туку и номотехнички да се дотераат,

дозволете ми само неколку членови да споменам во оваа прва фаза кои прават целосна забуна кај читателите на овој закон. би го спомела членот 5 каде што се зборува за условите на заштита за селекционерското право кое се доделува на нова, различна, еднообразна, стабилна и под 5 би можело да дојде "експлоатирана или одгледувани или користени во пракса". Се надевам дека министерот ме следи.

При ова особено не можам да ја разберам последната реченица во текстот која што вели дека селекционерот, покрај другите, подносителот на пријавата ги исполнил условите предвидени во овој закон и потенцира "и ги платил потребните трошоци", мислам дека тоа апсолутно е непотребно и веќе во втората фаза ќе го немаме тоа.

Во членот 7 каде што се зборува за различноста, исто така, меѓутоа особено е важен за мене членот 12 во првата реченица каде што се вели дека "секој селекционер кој правилно и навремено ја поднел пријавата за доделување" итн., ова "правилно и навремено" апелирам да биде заменето "во законски рамки", или е во законски рамки или не е. Ако не е правилно и навремено нема да биде преземена таа.

Би го замолил министерот за членот 21. И јас како останатите колеги сметам дека селекционерското право кое што се доделува за преиод од 20 години е преземена бројка од земјите членки на Европската унија, а за виновата лоза и дрвја 25 години, меѓутоа, мислам дека на самиот старт во Република Македонија овие години или ова време е предолго и би можеле ние да го скратиме тоа. Дали селекционерот името на сортата го пријавува до Управата за семе и саден материјал, до колку Управата за семе и саден материјал утврди дека името не го задоволува барањата од ставот 2 на овој член ќе одбие да го регистрира и ќе бара селекционерот да предложи друго име во рок од 6 месеци до 1 година. Мислам дека овој рок е предолг и треба да биде скратен од повеќе причини, но сега да не го одземам вниманието и времето на останатите колеги заради тоашто за една година може да станат многу нешта, особено кај некои сорти на растенија.

(Претседателот се враќа на претседавачкото место во салата)

Во членот 29, каде што е надзор на државниот инспекторат за земјоделство комплетно ставот 3 треба да биде променет, каде што државниот инспектор за земјоделство ги предава предметите кои привремено ги запленил, на кого, зошто, надлежен суд итн., кои препораки, мислам дека нема потреба да го одземам вашето внимание и трпение.

Почитуван министер, очекуваме во втората фаза да добиеме еден би рекол многу подобар предлог од овој што го имаме денес, во кој ќе бидат вградени сите забелшки на колегите пратеници и од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се разбира и од останатите колеги што денес земаа збор во оваа расправа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Јас му благодарам на пратеникот за сугестиите и предлозите за подобрување на овој закон. Дел од нив ќе бидат сериозно разгледани затоа што ќе придонесат во втора фаза во законот да се подобрат одредено делови, но ќе повторам уште еднаш дека овој закон не се усогласува со ЕУ регулативите, овој закон се усогласува со УПОВ конвенцијата, во која и земјите членки на Европската унија се усогласуваат со таа конвеција. Значи немаме транспонирање на одредени ЕУ регулативи, туку имаме комплетно преземање на законот. Овој закон фактички е во делот на законите за заштита на интелектуалната и индустриската сопственост, каде што деловите од законот токму тоа го третираат.

Во делот на прашањето дали се потребни посебни финансиски средства, одговорот е не се потребни значајни посебни финансиски средства, туку тоа самата управа за семе и саден материјал фактички како обврска го продолжува работењето или заштитата на тие сорти.

И трета работа, околу делот за додавање во членот 2 каде што после "стабилна" би додале нова сорта која веќе е на терен, фактички преземената од законот за УПОВ е "стабилна сорта" по дефиниција значи сорта која веќе подолго време е на терн, ја има во одрена количИна и во одреден ареал на користење на таа сорта. Тоа е фактички стабилна сорта.

Уште еднаш би се заблагодарил за другите сугестии кои ќе бидат разгледани при донесување на овој закон.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам претседателе.

Само дополнување на она што претходниот колега го кажа, а ова ми конвенира и со ова што го кажа министерот за земјоделство.

Би обрнал внимание на два члена од Конвенцијата која денес ја прилагодуваме на нашето законодавство, а тоа е Конвенцијата за заштита на нови сорти на растенија, на членот 29 кој што ги нотира финансирањата на УПОВ или на оваа меѓународна унија и на членот 35 кој што вели: "Примената на законот не дозволува никакви резерви".

Членот 29 јас би сакал во периодот до другата фаза внимеателно дасе разгледа затоа што оваа Конвенција вели вака: "Приходни ставки на оваа меѓународна унија или на УПОВ се: приходни ставки во унијата се покриваат со годишните уплати или дотации или доприноси", зависи каков превод ќе се направи, "на државите членки на УПОВ", а веќе Република Македонија со тоа

станува и членка на УПОВ, “со примените уплати за извршени услуги и разни приходи”.

Околу членот 29 јас би сакал членот 29 од оваа конвенција внимателно да го разгледа затоа што се можни одрени финансиски импликации со донесувањето на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господин Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Му благодарам на колегата Васко Шутаров што се согласува со мене и уште еднаш му укажа на министерот дека за овој закон се потребни финансиски средства, значи и тој го дели мислењето како и јас, иако во законот на крајот Министерството завршува со реченицата “Законот за селекционерски права не содржи финансиски средства”, ако Република Македонија е членка на Меѓународнатља организација за заштита на нови сорти на растенија УПОВ, таа својата членарина треба да ја плати со нешто, за тоа ќе бидат потребни. Ако го земеме Законот за земјоделство и рурален развој, тогаш во членот 53 ќе видиме што е тоа јавна услуга и кој се ја врши и дали за тоа нешто се наплатува, исто така се потребни финансиски средства, особено велам при прибирање на податоци и аналитичко развојни задачи, кога се работи за стручни работи во растително производство, работи на Гем банка и одржување на биолошката разновидност.

Се надевам дека овие укажувања од наша страна ќе бидат земени предвид. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека претресот по Предлогот за донесување на законот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за селекционерски права.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за селекционерски права, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се доставaт до Владата на Република Македонија и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа сите 64 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се јавија: господинот Николов Марјанчо, господинот Макрадули Јани, госпоѓата Бендевска Весна, господинот Станковиќ Емилијан, господинот Диневски Менде и заменикот министер за финансии.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, Собранието на Република Македонија Законот за јавни набавки го има усвоено минатата година во ноември, а истиот започна да се применува од 1 јануари 2008 година, така што во изминатите 10 месеци новите законски решенија се применуваат. Овој период овозможи да се видат неговите ефекти и имплементација во пракса.

Досегашните искуства се мошне позитивни и може да се заклучи дека договорните органи и деловната заедница добро ги прифатија новите системски решенија и ги спроведуваат во пракса, значително е зголемена транспарентноста во постапките за доделување на договорите за јавни набавки. Со воведувањето на новиот веб - информациски систем за објавување на огласите и известување за јавни набавки, овој систем ги прави универзално достапни информациите во било кое време, без било каков надомест не само на економските оператори, туку и на сите заинтересирани субјекти и целокупната јавност во Република Македонија. Како за пример до сега на веб - информацискиот систем се објавени над осум илјади огласи за јавни набавки и известувања на склучени договори. Но сепак, искуствата покажуваат дека одредени решенија законски во овој закон може да се подобрат со цел да се постигнат проектираните политики на Република Македонија за зголемување на користењето на електронските средства во постапките за јавни набавки, зајакнување на капацитетот на договорните органи и деловните заедници, како и за зајакнување на статусот на Бирото за јавни набавки како централен орган кој се грижи за правилно функционирање на системот за јавни набавки во целина.

Основна цел на овие измени и дополнувања не е усогласување со европските прописи, бидејќи законот веќе има високо ниво на усогласеност со директивите на Европската унија. Иако првите три члена се предвидени во изјавата за усогласеност и кореспондентната табела, со овие три члена само технички се прецизира и се конкретизираат соодветни одредби кои веќе се усогласени со директивите, се предвидува зајакнување на статусот на Бирото за јавни набавки со тоа што ќе добие својство на правно лице во состав на Министерството за финансии. Овој нов статус треба да му овозможи на Бирото полесно да ги врши своите надлежности, особено на превентивно поле преку зајакнати обуки и помош за договорните органи и деловните заедници. Се предвидува воведување на системски начин на организација на обуките од страна на Бирото за јавни набавки преку сеопфатна програма за едукација на учесниците во постапката за доделување на договори за јавни набавки, која ќе ја развие Бирото.

Со неколку одредби од предложените измени и дополнувања се предвидува фазно воведување на користењето на електронските аукции во постапките за јавни набавки, како и проширување на постапките каде аукциите може да се користат.

Општо е познато дека електронските јавни набавки се очекува да ја зголемат ефикасноста, заштедите и економичноста во јавните набавки, како и транспарентноста во постапките. Имено, и покрај тоа што Законот за јавни набавки даде правен основ за користење на електронските јавни набавки и е развиен соодветен национален систем за електронски јавни набавки, кој е целосно оперативен, сепак праксата покажа дека договорните органи недоволно го користат истиот и го претпочитаат класичниот метод за набавка во хартиена форма.

Со предложените измени можноста за користење на електронските аукции се воведува како обврска на договорните органи во неколку фази, за да можат и договорните органи и деловната заедница да се подготват за нивната помасовна примена. Ваквиот пристап има двојна предност, ќе се зголеми користењето на електронските аукции како обврска од една страна, а нема да се зголеми опасноста од намалување на конкуренцијата доколку ваквата обврска би се вовела одеднаш без да се даде време за прилагодување и подготовка на сите релевантни субјекти.

Преостанатите одредби од предложените измени и дополнувања се однесуваат само на техничко подобрување на текстот на законот.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За процедурално се јави господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Процедурално се јавив за збор за да побарам да дадете пауза, за да можеме да ги добиеме стенографските белешки од излагањето на заменикот министер.

**Трајко Вељаноски:** Нема проблем, тука ја прекинуваме седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот, а за тоа време ќе ги добиете стенографските белешки од излагањето на заменикот министер за финансии.

Со истата седница ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,35 часот)